Марија Башевска

# ПОЛИТИКИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД И СИРОМАШТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

2008-2013



ЛЕВИЧАРСКО ДВИЖЕЊЕ
СОЛИДАРНОСТ

Марија Башевска

# ПОЛИТИКИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД И СИРОМАШТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА 2008-2013

Студијата е завршена во
април 2014 година.

ЛЕВИЧАРСКО ДВИЖЕЊЕ
СОЛИДАРНОСТ

Скопје, 2014

*Издавач:*
**Левичарско движење „Солидарност“**
http://solidarnostblog.wordpress.com
ld.solidarnost@gmail.com

*Во соработка со:*

ROSA LUXEMBURG STIFTUNG SOUTHEAST EUROPE

*Компјутерска обработка и корица:*
Весна Аранѓеловиќ

*Тираж*:
400 примероци

*Печати*:
печатница Ван Гог

creative commons
Оваа книга е објавена според условите на лиценцата
на Криејтив комонс: Наведи извор-Некомерцијално-
Без адаптирани дела. 2.5 Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
331.5.024.5(497.7)"2008/2013"(047)
364.662(497.7)"2008/2013"(047)
ПОЛИТИКИТЕ на пазарот на труд и сиромаштијата во Македонија :
2008-2013. - Скопје : Левичарско движење Солидарност, 2014. - 64
стр. : табели, граф. прикази ; 21 cм

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 63-64

ISBN 978-608-65628-2-3

а) Пазар на труд - Политики за вработување - Македонија -
2008-2013 - Извештаи б) Сиромаштија - Македонија - 2008-2013 -
Извештаи
COBISS.MK-ID 96690954

# СОДРЖИНА


Вовед 5

1. Пазарот на труд во Република Македонија 2008 – 2013 9

    1.1 Стапка на учество на работната сила 4

    1.2 Стапка на вработеност 13

    1.3 Невработеност 18

2. Политиките за вработување 27

    2.1 Даночната политика и пазарот на труд 27

    2.2 Активните политики на пазарот на труд 35

3. Сиромаштија 48

Заклучни согледувања и препораки 58

Референци 63

# Вовед

Половина декада земјите во светот се справуваат со последиците од глобалната економска криза и од неретко контрапродуктивните економски политики применети за време на кризата, кои придонесоа за дополнителни негативни ефекти врз дел од економиите и нивно пролонгирано закрепнување. Финансиската криза во САД од 2007 година брзо се прелеа и во останатите развиени економии во светот, прерасна во глобална економска криза која предизвика нестабилност на финансиските пазари, силен пад во производството, вработеноста, приходите и поттикна дополнителен раст на дефицитите и државниот долг на земјите. Растот на невработеноста, сиромаштијата и продлабочувањето на нееднаквоста ги погодија речиси сите земји во светот, но посебно силно се одразија кај земјите во развој и земјите од југот на Европската Унија (ЕУ) кај кои се наметнаа силните мерки на штедење.

Македонската економија беше зафатена од глобалната економска криза пред сé во реалниот сектор и тоа првично преку опаѓањето на извозот и намалувањето на странските директни инвестиции (СДИ) како последица од кризата кај клучните трговски партнери на земјата – земјите членки на ЕУ. Најголемите негативни ефекти од кризата беа почувствувани во 2009 и 2012 година, кога годишните стапки на раст на бруто домашниот производ (БДП) забележаа негатива од –0,9% и –0,4% респективно. Во 2013 година имаше значително подобрување на економскиот раст со што годината ќе се заокружи со позитивен годишен раст на БДП од 2,9%[1]. Излезот од рецесијата и позитивните трендови во проекциите на бруто домашниот производ се должат на позитивните трговски движења - пораст на извозот како резултат на закрепнувањето на економиите на земјите членки на ЕУ како најголеми трговски партнери на нашата земја. На производната страна растот на бруто домашниот производ се должи на порастот во повеќе

[1] Проценет податок врз основа на кварталните податоци за движењето на БДП во 2013 г., Државен завод за статистика, достапни на http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=31&rbrObl=7

сектори, првенствено на силниот раст остварен во градежништвото (32,1% раст во четвртиот квартал од 2013 година). Раст е забележан и во финалната потрошувачка на домаќинствата, а нејзиното учество во структурата на бруто домашниот производ е 70,7%.[2]

Покрај општите показатели за нивото на економската активност на земјата, доколку ги погледнеме показателите за промените на пазарот на труд, сиромаштијата и распределбата на доходот, податоците нѐ враќаат во македонската пост-транзициона економска реалност, која не нуди простор за голем оптимизам. Исклучително високата стапката на невработеност остана над 30% во текот на целиот период од почетокот на приватизацијата и трансформацијата на економскиот систем, од 1994 година па сѐ до 2012 година. Стапката на невработеност анализирана во периодот од почетокот на глобалната економска криза остана над 30%, забележувајќи пад од 33,8% во 2008 година до 31% во 2012 година, задржувајќи нé во категоријата на земји со највисока стапка на невработеност на ниво на Европа. Во текот на 2013 година стапката на невработеност се намалуваше, но остана на исклучително високо ниво од 29%.[3]

Додека стапката на невработеност бележеше незначителни намалувања во периодот од 2007 до 2013 година, сиромаштијата и нерамномерноста во распределбата на приходите бележеа пораст. Според податоците на Државниот завод за статистика (ДЗС), стапката на релативна сиромаштија од 19% во 1997 година, расте на 30,4% во 2011 година. Последните пресметки на Лаекен индикаторите за сиромаштија за 2011 година, покажуваат дека 50,9% од населението живее во сиромаштија или социјална исклученост, додека 27,1% од населението во Македонија живее под линијата на сиромаштија.[4] Нерамномерноста во распределбата на приходите исто така се зголемува во разгледуваниот период, па така доколку се земат податоците на Светска банка за Џини коефициентот во 1998 година тој изнесува 28.1, додека во 2010 година, тој расте до 43,6. Државниот завод за статистика во 2012 година прв пат го измери Џини индексот за Македонија за 2010 година кој изнесуваше 40.8, додека последниот податок на ДЗС за индексот

---

2 Државен завод за статистика – соопштение: „Бруто-домашен производ, тримесечни податоци", 2013, достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=31

3 Проценет податок врз основа на кварталните податоци од Анкетата за работна сила 2013 г. на Државен завод за статистика, достапни на http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=98&rbrObl=14

4 Државен завод за статистика, Соопштение „Лаекен индикатори за сиромаштијата", јануари 2014, достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115

од 2011 година изнесува 39,2.[5] Изразеното зголемување на нееднаквоста помеѓу богатите и сиромашните во Македонија се согледува и преку анализата на уделот во приходите, каде во 2000 година најбогатите 10% располагале со 25,8% од вкупниот доход, а во 2010 година со 31,9%, додека пак најсиромашните 10% во 2000 година располагале со 2,4% од вкупниот доход, а во 2010 година само со 1,9%.[6]

Осамостојувањето и промената на политичкиот и економскиот систем од почетокот на 1990-тите години, процесот на приватизацијата, ниското ниво на домашни и странски директни инвестиции, неформалната економија, како и неколкуте внатрешни и надворешни шокови (воениот конфликт од 2001 година, бомбардирањето на Србија од страна на НАТО 1999 година, трговското ембарго од Грција 1993 година), придонесоа за бавното преструктурирање на македонската економија, високите стапки на невработеност и растот на сиромаштијата во првата декада од транзицијата. Но, она што останува како клучен фактор за денешната економска реалност, во значајна мера мора да се припише и на отсуството на економски политики кои ќе креираат услови за надминување на проблемите со невработеноста и сиромаштијата. Глобалната економска криза беше уште една причина во низата „оправдувања” за негативните економски перформанси по 2008 година и за нарушување на позитивниот тренд на раст на бруто домашниот производ кој започна од 2003 година. Во периодот од 2009 до 2012 година Владата на Република Македонија воведе пет пакети антикризни мерки со кои се обиде да ги ублажи ефектите од кризата, а тие беа главно насочени кон приватниот сектор и стимулирањето на извозот. Последниот пакет антикризни мерки од 2012 година беше насочен првенствено кон социјалната политика и намалување на невработеноста. Во 2010 година за прв пат се донесе Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 од страна на Министерството за труд и социјална политика, а во 2011 година се донесе Националната стратегија за вработување 2011-2015 година. Овие два стратешки документи послужија како основа за креирањето на акционите планови и програми со кои државата се обидува да придонесе во подобрување на состојбата на пазарот на труд и намалување на сиромаштијата. Во меѓувреме се направија промени во Законот за евиденции на трудот и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со што се влијаеше на начинот на

---

[5] Исто.

[6] Светска банка, World Development Indicators, http://data.worldbank.org/indicator/SI.DST.10TH.10/countries

евидентирање на невработените лица, нивна поделба на активни и пасивни баратели на работа и изземање на регистрацијата за остварување на право на здравствена заштита од евиденцијата на невработеност во Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ).

Оваа студија се фокусира на состојбата на пазарот на труд од 2008 до 2013 година, преземените политики и активни мерки во насока на намалување на невработеноста и креирање на нови работни места, како и состојбата со сиромаштијата и нееднаквоста, наспроти креираните политики и преземените мерки од страна на државата. Во овој контекст значајно е да се напомене дека сите податоци од релевантни домашни извори кои се користат во понатамошните анализи во студијата се базираат на последниот спроведен Попис на населението на Република Македонија од 2002 година. Во 2012 година не беше спроведен планираниот попис на населението (и покрај европските директиви и препораки за негово спроведување на секои десет години) и со тоа се влијаеше на квалитетот на податоците за населението со кои се располага и врз основа на кои се базираат сите анализи и оценки на економските и социјални состојби во земјата, научните истражувања како и проекциите на развојните планови во сите сфери на државата.

# 1. ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2008 – 2013

Во овој дел од студијата се прави осврт на состојбата на пазарот на труд во периодот од 2008 година до крајот на 2013 година. По анализата на движењата на пазарот на труд се анализираат имплементираните политики за вработување, нивната структура, ефектите и импликациите врз крајните корисници, како и нивното сеопфатно влијание врз нивото на вработеност во земјата.

## 1.1 СТАПКА НА УЧЕСТВО НА РАБОТНАТА СИЛА

Стапките на активност на населението (економски активно население од 15 до 64 години) во периодот од 2008 до 2012 година се во голема мера стабилни и се движат околу 64%.[7] Во 2008 година стапката на активност изнесува 63,5%, во наредните три години забележува благ пораст во просек од 0,6 процентни поени (п.п.), за во 2012 година да биде на ниво од 63,9% (Табела 1). Според последните квартални податоци од Анкетата за работна сила на Државниот завод за статистика, стапката на активност во четвртиот квартал од 2013 година изнесува 65,2%. Иако стапката на активност забележува раст во анализираниот период посебно во 2013 година, сепак е значително пониска споредено со просекот на Европската Унија кој изнесува 71,7% (ЕУ-28) во 2012 година.[8]

---

7 Доколку не е поинаку наведено, сите податоци во овој дел се преземени од Анкетата за работната сила, 2008 и 2012 година, како и од кварталните податоци од Анкетата за работна сила 2013 година од Државниот завод за статистика, достапни на http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=3&rbrObl=14

8 Европско статистичко биро, Eurostat, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/statistics/search_database

***Табела 1: Стапка на активност на пазарот на труд 2008 – 2012***

| Возраст | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **15 – 24** | 35.9 | 35 | 33.3 | 32.1 | 33,6 |
| **25 - 49** | 79.4 | 79.5 | 80.4 | 80.2 | 79,5 |
| **50 – 64** | 54.9 | 57.2 | 57.5 | 58.3 | 56,7 |
| **65 +** | 3.9 | 3.9 | 4.1 | 3.3 | 3,8 |
| **15 - 64** | *63.6* | *64* | *64.2* | *64.2* | *63,9* |
| **Вкупно** | **56.3** | **56.7** | **56.9** | **56.8** | **56.5** |

Извор: ДЗС

Доколку се разгледаат стапките на активност на населението според половата структура, жените во 2012 година учествуваат со 50,8% во вкупно активното население, наспроти 76,6% кај мажите (Табела 2). Во периодот од 2008 до 2012 година разликите во стапките на активност според половата структура остануваат приближно на просекот од 2012 година, со релативно голем родов јаз кој се движи во рамките од 25,8 до 27 п.п., споредено со родовиот јаз во ЕУ-28 кој се намалува од 14,3 п.п. до 12 п.п анализирано за истиот период. Додека стапката на активност на мажите во Македонија е на ниво блиско до ЕУ-28, учеството на жените во работната сила е пониско за 13 п.п. во просек. Според податоците од Анкетата за работна сила за последниот квартал од 2013 година, стапката на активност на жените изнесува 52,3%, што покажува благ пораст во однос на истиот квартал во 2012 година, но е далеку од приближувањето кон европскиот просек.

***Табела 2: Стапка на активност кај мажите и жените 2008 – 2012***

| **Возраст** | **2008** | | **2009** | | **2010** | | **2011** | | **2012** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **15 – 24** | 43,3 | 28,1 | 43,4 | 26,2 | 42,2 | 24 | 39,9 | 23,9 | 40,5 | 26,2 |
| **25 - 49** | 92,9 | 65,4 | 93,4 | 65 | 93,9 | 66,4 | 92,7 | 67,3 | 92,6 | 65,9 |
| **50 – 64** | 72,3 | 38 | 75 | 39,8 | 75,1 | 40,3 | 75,6 | 41,5 | 73,4 | 40,2 |
| **65 +** | 5,9 | 2,3 | 5,5 | 2,5 | 6.0 | 2,5 | 4,4 | 2,4 | 5,2 | 2,6 |
| **15 - 64** | *76,6* | *50,2* | *77,6* | *50.0* | *77,7* | *50,4* | *76,8* | *51,2* | *76,6* | *50,8* |
| **Вкупно** | **68,8** | **43,8** | **69,6** | **43,7** | **69,8** | **44,0** | **68,8** | **44,7** | **68,7** | **44,3** |

Извор: ДЗС

Причините кои најчесто се наведуваат како фактори за високата неактивност на жените во Македонија се однесуваат на традиционалната улога на жените во домот, степенот на образование, како и улогата на дознаките од странство.[9] Степенот на образование како фактор за високата неактивност кај женската популација има одредено влијание, но статистиките од година во година покажуваат повисок процент на жени кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус на студии, а овој сооднос се однесува и на завршените студенти на сите три циклуси на студии.[10] Вистинските причини кои доведуваат до изразениот родов јаз во стапките на активност на пазарот на труд е тешко да се утврдат меѓу другото и заради непостоење на соодветни статистики и истражувања на државно ниво кои го анализираат феноменот на високата неактивност кај женската работоспособна популација во Македонија. Вклучување на процентот на жени кои се изјасниле како домаќинки како единствен аргумент во прилог на традиционалната улога на жената во домот, сé уште не укажува на причините кои ги наведуваат жените да ја прифатат улогата на единствените кои се главно задолжени за домот. Без соодветна анализа на степенот на дискриминација на работното место, пристапот до градинки, можноста за флексибилно работно време за мајки на мали деца и други фактори кои можат да го подобрат пристапот на жените до пазарот на труд, тешко е со сигурност да се тврди дека доминантната причина за ниската стапка на активност на жените е резултат на традиционалните поделби на улогите во домот. [11]

Доколку се анализираат податоците за учеството во работната сила според возрасна структура, најнискиот степен на активност се забележува кај младата популација (на возраст од 15 до 24 години). Во 2008 година, стапката на активност на младите изнесува 35,9%, во наредните три години забележува тренд на намалување, за во 2012 година да изнесува 33,6% (види Табела 1). Според Анкетата за работна сила на квартално ниво, во текот

[9] Министерство за труд и социјална политика, „Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015 година", Скопје, 2011, достапно на http://www.mtsp.gov.mk/

[10] Државен завод за статистика, „Жените и мажите во Република Македонија", Скопје, 2013, достапно на http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblasti.aspx

[11] Види поопширно во студиите: Коруновска Н., Србијанко К. Ј. и Малеска Т., „Клучот за стаклената врата: Демистифицирање на причините за ниското учество на жените на пазарот на труд", Реактор – истражување во акција, Скопје, 2012, достапно на http://rodovreactor.mk/subject/economy/data/ и Angel-Urdinola D. F. and Macias V., "FYR Macedonia Labor Market Profile 2004-2007", World Bank, Washington D.C., 2008.

на 2013 година стапката на активност кај младите има тенденција на благ пораст посебно во последните два квартали, со што во четвртиот квартал од 2013 таа изнесува 35,2% и се приближува до нивото од 2008 година. Оваа стапка на активност на младите е ниска во однос на регионот и на европскиот просек. Како една од причините кои влијаат на неактивноста на младите на пазарот на труд е обесхрабреноста на младите во потрагата по вработување која се должи на малите можности за вработување, посебно на млади и неискусни работници, што пак се должи на малата спремност на работодавците да инвестираат во обучување на младите работници. Обесхрабреноста доаѓа и од исклучително високите стапки на невработеност во земјата, кои се најизразени кај младата популација и се меѓу највисоките во Европа.[12] Во 2012 година околу 15% од лицата кои не бараат работа бидејќи се обесхрабрени дека можат да најдат, припаѓаат токму на категоријата млади лица од 15 до 24 години. Неодминлив фактор на влијание врз неактивноста кај младите е и самиот процес на транзиција од училиште на работа. Друг значаен фактор за ниските стапки на активност на младите во анализираниот период од 2008 до 2013 година, е и образовната политика на Владата која преку воведувањето на дисперзираните студии, отворањето на нови државни универзитети и намалувањето на партиципацијата за студиите, влијаеше на зголемување на бројот на запишани студенти посебно во првиот и вториот циклус на студии. На овој начин дел од младите го одложуваат периодот на вклучување на пазарот на труд и влијаат врз стапките на вработеност и невработеност во земјата.

Во анализата на стапките на активност на работната сила според степенот на образование, најголема активност во 2012 година се јавува кај поединците со терцијарно образование - 83,1%, наспроти неколкукратната разлика која се јавува кај активноста на поединците без образование - 17,3% и кај поединците со незавршено основно образование - 24,9%. Стапките на активност според степенот на образование не покажуваат големи трендови на варијации во последните пет години и се движат во приближно исти соодноси помеѓу поединците со терцијарен степен на образование и оние без или со незавршено основно образование. Податоците укажуваат дека степенот на образование има значајна улога во вклученоста на работоспособното население на пазарот на труд.

[12] Според Анкетата за работна сила на Државниот завод за статистика од четвртиот квартал на 2013 година, стапката на невработеност кај младите изнесува 50,3%.

## 1.2 СТАПКА НА ВРАБОТЕНОСТ

Во периодот од 2008 до 2012 година продолжува трендот на пораст на стапката на вработеност (вработени лица од 15 - 64 години), од 41,9% во 2008 до 44% во 2012 година. Последните податоци од кварталните анализи во Анкетата за работна сила на ДЗС за 2013 година, исто така бележат пораст на стапката на вработеност, па така стапката на вработеност во четвртиот квартал изнесува 46,4%.

***Табела 3: Стапка на вработеност на пазарот на труд 2008 – 2012***

| Возраст | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **15 – 24** | 15,7 | 15,7 | 15,4 | 14,4 | 15,5 |
| **25 - 49** | 54,3 | 55,4 | 55,7 | 56,5 | 55,8 |
| **50 – 64** | 39,5 | 42,4 | 42,6 | 43,1 | 42,8 |
| **65 +** | 3,6 | 3,4 | 3,8 | 3,1 | 3,4 |
| **15 - 64** | *41,9* | *43,3* | *43,5* | *43,9* | *44,0* |
| **Вкупно** | **37,3** | **38,4** | **38,7** | **38,9** | **39,0** |

Извор: ДЗС

Иако движењата кај вработеноста бележат тренд на пораст од 2005 година, сепак Македонија останува со многу ниски стапки на вработеност споредено со регионот и со просекот на Европската Унија, каде стапката на учество на вработените во вкупното работоспособно население во 2012 година изнесува 64,1% (ЕУ – 28).[13]

Родовиот јаз во поглед на вработеноста останува многу висок, иако во набљудуваниот период се забележува раст на стапката на вработеност кај жените, од 32,9% во 2008 година до 35,3% во 2012 година (Табела 4). Стапката на вработеност кај мажите е 50,7% во 2008 и 52,4% во 2012 година. Растот на стапката на вработеност кај мажите и жените продолжува и во 2013 година, со што во последниот квартал стапката на вработеност кај мажите изнесува 55,9%, а кај жените 36,8%. Родовиот јаз кај стапките на вработеност во анализираниот период во просек е приближно 18 п.п., наспроти просекот од 11 п.п. во ЕУ–28, анализирано за истиот период.[14]

[13] Европско статистичко биро, Eurostat, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/statistics/search_database

[14] Исто.

Во овој контекст треба да се напомене дека родовиот јаз се намалува со зголемувањето на степенот на образование кај мажите и жените, па така тој е најмал кај високо образуваните мажи и жени, стапката на вработеност кај мажите со високо образование во 2012 е 66,5%, додека кај жените е 61,1%.

***Табела 4: Стапка на вработеност кај мажите и жените 2008 – 2012***

| Возраст | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **15 – 24** | 19,2 | 12 | 20,6 | 10,6 | 19,5 | 11,2 | 17,7 | 10,8 | 18,1 | 12,6 |
| **25 - 49** | 64,2 | 44,1 | 65,6 | 44,8 | 65,7 | 45,5 | 65,3 | 47,4 | 64,9 | 46,3 |
| **50 – 64** | 51,2 | 28,2 | 54,9 | 30,2 | 55,2 | 30,2 | 55,1 | 31,3 | 54,7 | 31,1 |
| **65 +** | 5,3 | 2,1 | 5.0 | 2,1 | 5,5 | 2,5 | 4,0 | 2,3 | 4,7 | 2,4 |
| **15 - 64** | *50,7* | *32,9* | *52,8* | *33,5* | *52,8* | *34.0* | *52,3* | *35,3* | *52,4* | *35,3* |
| **Вкупно** | **45,7** | **28,8** | **47,5** | **29,4** | **47,5** | **29,8** | **47,0** | **30,9** | **47,1** | **30,8** |

Извор: ДЗС

Вработеноста кај младите (15-24 години) е на исклучително ниско ниво во текот на целиот анализиран период и се движи од 15,7% во 2008 година до 15,5% во 2012 (види Табела 3), а во текот на 2013 година забележува мал пораст во просек од околу 0,5 п.п. во однос на 2012 година. За споредба, стапката на вработеност кај младите во Европската Унија за 2012 е 32,8% (ЕУ-28) и покрај намалувањето од 4.5 п.п. во однос на 2008 година како резултат на кризата. Причините кои влијаат на ниското ниво на вработеност кај младата популација е високата стапка на невработеност посебно кај младите (која е втора највисока во европски рамки по онаа на Босна и Херцеговина), големата неактивност на пазарот на труд која се должи во голема мера на причините кои веќе ги набројавме кај активноста на пазарот на труд, како што е вклученоста во образовниот процес, тешкиот пристап до прво вработување, несовпаѓање на образовниот профил на младите со потребите на пазарот и др.

Анализата на структурата на вработеност (15 - 74 години) според степенот на образование укажува дека најголем процент на вработеност има кај лицата со високо образование. Така, стапката на вработеност во 2012 година кај лицата со високо образование е 63,8%, стапката на вработеност кај лицата со завршено средно образование изнесува 47%, кај

лицата со основно образование е 23,4%, додека вработеноста кај лицата без образование е 8,9%. Овие податоци укажуваат дека повисокиот степен на образование придонесува за поголеми можности за вработување. Но, доколку го анализираме трендот во периодот од 2008 до 2012 година, стапката на вработеност се намалува кај лицата со високо образование (65,5% во 2008 г.), а забележува благ раст кај лицата без образование (8% во 2008 г.).

***Табела 5: Стапка на вработеност според степен на образование 2008 - 2012***

| Степен на образование | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| Без образование | 8,0 | 7,0 | 9,1 | 8,3 | 8,9 |
| Незавршено основно образование | 16,6 | 17,7 | 17,5 | 17,2 | 16,7 |
| Основно образование | 24,8 | 25,1 | 24,7 | 25,1 | 23,4 |
| 3 години средно образование | 47,7 | 46,0 | 47,4 | 47,3 | 47,9 |
| 4 години средно образование | 47,2 | 47,8 | 47,2 | 46,5 | 47,0 |
| Више образование | 56,9 | 54,7 | 54,5 | 50,8 | 50,3 |
| Високо образование | 65,5 | 66,7 | 66,2 | 64,8 | 63,8 |
| **Вкупно** | 37,3 | 38,4 | 38,7 | 38,9 | 39,0 |

Извор: ДЗС

Трендот на намалување на стапката на вработеност кај лицата со терцијарно образование може да се објасни со зголемувањето на бројот на лицата со завршено високо образование од 2000 година па наваму, особено во периодот од 2009 година по воведувањето на новите политики во образованието како дисперзираните студии, новоотворените универзитети и намалувањето на партиципацијата за студирање кои стимулираа квантитативно зголемување

на високо образуваните кадри. Во учебната 2008/2009 година на високите образовни институции во земјата се запишани 63.437 студенти, што е за околу 135% повеќе во однос на 1991/92 година.[15] За приближно 86% е зголемен бројот на дипломирани лица (вклучително и на магистри и доктори на науки) во периодот од 2006 до 2012 година, наспроти приближно 68% пораст од 2000 до 2006 година. Намалувањето на бројот на вработени високо образовани лица во набљудуваниот период, може да се однесува и на несовпаѓањето на дипломираните со профилите на работници кои се барани на пазарот на труд. Доколку се погледнат податоците од Анкетата за слободни работни места од 2012 и 2013 година на ДЗС[16], се забележува дека најголем број на слободни работни места според занимања има за работници во услужни дејности и продажба, за елементарни занимања, ракувачи и составувачи на машини и постројки и за техничари и сродни занимања. Доколку и во наредниот период трендот на најголема понуда на слободни работни места остане доминантно во набројаните занимања, би се очекувало дека стапката на вработеност кај лицата со високо образование би продолжила да бележи намалување.

Вработеноста според секторите во економијата укажува на продолжување на трендот на најголемо учество на вработените во секторот услуги, а најниско во земјоделието. Во периодот од 2008 до 2013 година бројот на вработени во секторот услуги расте, додека во секторот индуструја бележи тренд на опаѓање. Во 2008 година 31,3% од вработените се во секторот индустрија, 49% во сектор услуги, а 19,7% во земјоделие. Во последниот квартал од 2013 година, вработените во секторот услуги се 50,2% од вкупно вработените, 30,5% се во секторот индустрија, додека 18,9% се во секторот земјоделие. Намалениот број на вработени во секторот индустрија е резултат на влијанието на кризата (особено во 2009 и 2012 г.), која посебно се одрази на реалниот сектор и извозот, каде индустриското производство има големо учество.

Од вкупниот број на вработени во 2008 година, 71,4% се формално вработени, додека 28,6% се неформално вработени. Во периодот до 2012 година формалното вработување бележи пораст до 77,5%, наспроти намалувањето кај неформалното вработување на 22,5%, што би можело делумно да се должи на активната политика на пазарот на труд насочена кон формализирање на бизнисот, како и воведувањето на концептот на бруто-плата и интегрираното

[15] Државен завод за статистика, „Дваесет Години Независна Македонија 1991 - 2011“, достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/20GodiniRM.pdf

[16] Државен завод за статистика, Анкета за слободни работни места 2012 и Анкета за слободни работни места 2013, достапни на http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=112

наплаќање на придонесите во Управата за јавни приходи (УЈП).[17] Од вкупно вработените лица во 2008 година, 10,3% спаѓаат во категоријата неплатен семеен работник. Овој процент постепено се намалува и во 2012 година изнесува 8,5%, додека во 2013 година бројот на неплатени семејни работници се зголемува на 9%, проценето според кварталните податоци од Анкетата за работна сила за 2013 г.

Според податоците на Државниот завод за статистика во периодот од 2008 до 2012 година стапката на вработеност расте, но со побавно темпо споредено со периодот 2003 – 2008 година. Бројот на нови креирани работни места во периодот од 2008 до 2012 година е околу 41.608 (8.322 нови работни места годишно во просек), наспроти 85.615 нови креирани работни места во периодот од 2004 до 2008 година (21.404 нови работни места годишно во просек). (Слика 1)

***Слика 1***
***Број на вработени лица (2004 – 2012)***




Извор: ДЗС

17 Мојсоска-Блажевски Н., „Детаксикација: Ефектот од трошокот на трудот врз вработеноста во Македонија", 2011, достапно на http://nbrm.mk/WBStorage/Files/WebBuilder_Nikica_Mojsoska_Blazevski_NBRM.pdf

Разликите во нивоата на пораст на нови креирани работни места можат добро да се проследат преку нивото на процентуален раст од година во година. Процентуалниот порастот на нови креирани работни места во периодот од 2004 до 2009 година е многу поголем, наспроти растот на новите работни места од 2010 до 2012 година. Вообичаеното временско задоцнување во преносот на ефектите од негативниот раст врз пазарот на труд се гледа во 2010 година, кога рецесијата од претходната година влијае на ниското ниво (1,1%) на ново креираните работни места. (Табела 6)

***Табела 6: Процентуален раст на нови креирани работни места (2005 – 2012 г.)***

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Раст на нови креирани работни места (%)** | 3,9% | 5% | 3,5% | 3,3% | 3,5% | 1,1% | 1,4% | 0,7% |

Извор: Пресметки на авторот врз основа на Анкетата за работна сила од 2008 и 2012 г.

Како клучни фактори кои го детерминираат нивото на вработеност во земјата, а и на земјите од регионот, се издвојуваат ниското ниво на економски развој, ниската ефикасност на пазарот на труд и високото учество на долгорочната невработеност, додека квалитетот на образованието не влијае на стапката на вработеност со интензитет како претходно набројаните фактори.[18]

## 1.3 НЕВРАБОТЕНОСТ

Невработеноста е еден од најголемите проблеми на земјата и во голема мера влијае на нивото на сиромаштија, социјалната исклученост, искористеноста на ресурсите и на општото ниво на економски раст. Невработеноста е висока во текот на целиод период од осамостојувањето до денес (над 30% по 1994 година) и е една од највисоките стапки на невработеност во Европа. По осамостојувањето на Македонија, земјата веќе имаше стапка на невработеност од 23,5% (1990 г.),[19] но драстичното

[18] Mojsoska-Blazeski N., Kurtishi N., "The Macedonian Labour Market: What makes it so different?", MPRA Paper No. 42045, 2012, достапно на http://mpra.ub.uni-muenchen.de/42045/

[19] Saveska S., Brown R., "Unemployment in the Republic of Macedonia: Policy options for employment growth", 7th NISPAcee Annual Conference "Improving Relations between the Administration and the Public", Bulgaria, 1999, достапна на http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/nispacee/unpan005871.pdf

зголемување на невработеноста се случува со почетокот на процесот на приватизација, во 1995 година стапката на невработеност се искачува на 35,6% и останува на нивото над 30% во текот на целиот период до 2013 година. Примената на Анкетата за работна сила од страна на ДЗС започнува од 1996 година, како меѓународно прифатен метод за пресметка на стапките на невработеност. Иако трендот на намалување на стапката на невработеност започнува од 2006 година, невработеноста сепак останува на исклучително високо ниво споредено со регионот и Европа. Во анализираниот период од 2008 до 2013 година, стапката на невработеност е намалена за 4,8 п.п., од 33,8% во 2008 до 29% во 2013 година. За споредба, во Европската Унија стапките на невработеност за истиот период се движат од 7,1% во 2008, до 10,9% во 2013 година (ЕУ-28).

***Табела 7: Стапка на невработеност на пазарот на труд 2008 – 2013***

| Возраст | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **15 – 24** | 56,4 | 55,1 | 53,7 | 55,3 | 53,9 | |
| **25 - 49** | 31,6 | 30,3 | 30,7 | 29,6 | 29,9 | |
| **50 – 64** | 28 | 25,9 | 26 | 26,2 | 24,4 | |
| **65 +** | 8,8 | 12,3 | 6,3 | 6,8 | 9,4 | |
| **15 - 64** | 34.0 | 32,3 | 32,2 | 31,6 | 31,2 | |
| **Вкупно** | **33,8** | **32,2** | **32,0** | **31,4** | **31,0** | **29,0*** |

Извор: ДЗС

**Проценета вредност според кварталните податоци за 2013 г. од ДЗС*

Споредено по региони, се забележуваат големи диспаритети во нивото на невработеност. Во 2012 година невработеноста е највисока во Североисточниот регион (52,8%), а најниска во Југоисточниот регион (13,8%). Според половата структура невработеноста кај мажите и жените е речиси еднаква, но доколку се анализира невработеноста според возраста, највисока стапка на невработеност има кај младата популација (15 – 24 г.) и се движи од 56,4% во 2008 година, до 53,9% во 2012 година (Табела 7), а во 2013 година е околу 52%[20]. Кај возрасната група со најголема работоспособност (25 – 49 г.) стапката на невработеност бележи намалување од 31,6% во 2008 година, до 29,9% во 2012, за во 2013 година да изнесува околу 27,7%[21].

[20] Податокот е проценет според кварталните статистики од Анкетата за работна сила за 2013 г. на ДЗС.

[21] Исто.

Анализата на невработеноста според степенот на образование укажува на најголема стапка на невработеност кај лицата без образование (48,3% во 2012 г.), а најмала кај лицата со више образование (15,9% во 2012 г.).

***Табела 8: Стапка на невработеност според степен на образование 2008 - 2012***

| Степен на образование | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| Без образование | 53,2 | 46,3 | 45,0 | 52,7 | 48,3 |
| Незавршено основно образование | 35,1 | 28,6 | 29,7 | 31,3 | 32,8 |
| Основно образование | 41,8 | 40,0 | 40,1 | 38,1 | 38,2 |
| 3 години средно образование | 35,6 | 36,1 | 34,5 | 32,9 | 33,0 |
| 4 години средно образование | 32,3 | 31,2 | 31,4 | 31,2 | 30,9 |
| Више образование | 20,2 | 17,3 | 17,3 | 20,1 | 15,9 |
| Високо образование | 21,7 | 22,1 | 22,7 | 23,4 | 23,3 |
| **Вкупно** | **33,8** | **32,2** | **32,0** | **31,4** | **31,0** |

Извор: ДЗС

Кај високо образованите лица се забележува раст на стапката на невработеност во набљудуваниот период, наспроти опаѓачките стапки кај лицата со понизок степен на образование (Табела 8). Овој тренд укажува дека на пазарот преовладува понудата на работни места со пониски квалификации. Тенденциите можат да бидат загрижувачки бидејќи укажуваат на несовпаѓање на образовните политики во изминатиот период со моменталната економска структура на пазарот. Дисперзираните студии доведоа до квантитативно зголемување на бројот на нови студенти и лица кои се стекнале со високо образование, што во одреден момент влијаеше

и на намалување на притисокот на пазарот на труд, но ефектите од несовпаѓање на понудата (зголемена понуда на високо образувани кадри на пазарот) наспроти побарувачката од нискоквалификувани профили на работници на пазарот, дополнително ќе се чувствуваат и можат понатаму негативно да влијаат на стапката на невработеност кај високо образуваните кадри.

Во анализата на потребни вештини на пазарот на труд во Република Македонија која ја спроведува Агенцијата за вработување на Македонија[22], за периодот од 2013 до 2014 година, најголема побарувачка за нови вработувања се очекува во преработувачката индустрија, во трговијата на мало и големо, градежништвото, транспорт и складирање и др., од кои според степенот на образование 61,6% се вработувања за лица со средно образование, 20% за лица со основно образование, а само 10% за лица со високо образование. Овие бројки не одат во прилог на досегашната стратегија во образованието и ќе предизвикаат дополнителни проблеми со стапката на невработеност кај високо образованите лица.

Доколку се анализира времетраењето на невработеноста кај лицата, се издвојува уште една поразувачка статистика. Најголемиот процент на невработени лица спаѓаат во категоријата долгорочно невработени лица, односно лица кои не можат да најдат работа подолго од една година. Последните статистики покажуваат дека во 2012 година 82,1% од невработените се долгорочно невработени лица, од кои најголем дел пак (околу 61%) бараат работа подолго од четири години. Лицата кои се долгорочно невработени се изложени на опасност од намалување и губење на нивните вештини и квалификации и со тоа дополнително влошување на можностите за вработување.

[22] Агенција за вработување на Република Македонија, „Анализа на потреби од вештини на пазарот на труд во Република Македонија 2013 - 2014", достапно на http://www.avrm.gov.mk/dejnosti.nspx

***Табела 9: Процент на долгорочна невработеност 2008 – 2012 година (невработени лица подолго од една година)***

| Долгорочна невработеност 2008 – 2012 (%) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| 84,9 | 81,9 | 83,3 | 82,6 | 82,1 |

Извор: ДЗС

Високата стапка на невработеност кај младите лица и големиот процент на долгорочно невработени лица, создаваат состојба на „статичност" на пазарот на труд, односно ситуација во која заради малото ниво на креирање на нови работни места, вработените имаат тенденција да останат вработени, а оние кои бараат вработување подолг период – да останат невработени.[23] Овие состојби освен што имаат исклучително негативен ефект врз долгорочно невработените лица и младите неискусни лица кои прв пат влегуваат на пазарот на труд, можат да имаат негативен ефект и на самите вработени лица, бидејќи создаваат поволно тло за злоупотреба на работничките права особено доколку не постои ефективна институционална правна заштита во овој домен.

Според податоците на Анкетата за работна сила од 2012 година, невработените лица во Македонија се обидуваат да најдат работа најмногу преку пријателски и роднински врски, 86,2% од невработените, додека другите три најупотребувани методи се преку директно обраќање кај работодавците (71,3%), контакти со Агенцијата за вработување (61%) и следење на огласи од весници и интернет (59%). Во 2008 година, 69,7% се обидувале да најдат работа преку пријатели и роднини, 63,3% преку директно обраќање на работодавците, 54,3% преку директно следење на огласите, а 82,4% преку контакти со Агенцијата за вработување и др. Иако лицата употребуваат повеќе од набројаните методи истовремено во потрагата по работно место, сепак оваа промена во последните години укажува на перцепцијата на невработените дека поголема е веројатноста да се најде работа на база на роднинска и пријателска основа, отколку врз база на квалификациите и способностите на кандидатот, што доведува до девалвирање на образованието, специфичните квалитети и квалификации на кандидатите, демотивација и обесхрабрување на

[23] Angel-Urdinola D. F., Macias V., 2008.

невработените кои потекнуваат од пониските социјални структури и во крајна линија, доведуваат до неефикасност на пазарот и креирање на социјални стратификации кои ја зголемуваат и зацврстуваат нееднаквоста во општеството.

Изминатата половина декада невработеноста се намалуваше во период кога економијата се соочуваше со рецесија, а во останатите три години остваруваше мало опаѓање. Имајќи го предвид временското задоцнување (вообичаено три до пет квартали) кое се јавува во пренос на ефектите од движењата во производството врз вработеноста, сепак силни ефекти на пад на невработеноста не се видливи. Податоците од ДЗС укажуваат на креирање на работни места во време на криза, наспроти периодот од 2001 до 2006 година, кога во најголемиот период од времето се случуваше феноменот на економски раст со истовремен раст на стапките на невработеност (jobless growth).

***Табела 10: Стапки на реален пораст на БДП и стапки на невработеност, 2002 – 2013 г.***

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БДП (%)** | 0,9 | 2,8 | 4,6 | 4,4 | 5,0 | 6,1 | 5,0 | -0,9 | 2,9 | 2,8 | -0.4 | 3,1* |
| **Стапка на невработеност** | 31,9 | 36,7 | 37,2 | 37,3 | 36,0 | 34,9 | 33,8 | 32,2 | 32,0 | 31,4 | 31,0 | 29* |

Извор: ДЗС

* Проценети стапки, врз основа на кварталните податоци, ДЗС

Доколку се анализираат податоците за невработеноста од Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), бројот на регистрираните невработени лица бележи намалување.[24] Бројот на регистрирани невработени лица во декември 2008 година изнесува 343.363, додека вкупниот број на регистрирани невработени лица во декември 2013 година изнесува 217.858, од кои 96.200 се евидентирани како невработени лица (активно бараат работа), а останатите 121.658 спаѓаат во категорија други лица кои бараат работа. Во анализираниот период се направија измени

[24] Агенција за вработување на Република Македонија, Преглед на евидентирани невработени лица во 2007 – 2013 година, достапно на http://www.avrm.gov.mk/pregled-na-evidentirani-nevraboteni-lica-vo-2007-2013-godina.nspx

во неколку закони кои придонесоа во намалувањето на регистрирани невработени лица во АВРМ. Имено, во мај 2009 година, се воведоа измени и дополнувања на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, па така невработените лица своето здравствено осигурување сега го добиваат преку пополнување и поднесување на пријавата за остварени приходи во претходната година, која се поднесува во подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување.[25] Оваа мерка беше воведена со цел да се исклучат невработените лица кои се пријавуваат во АВРМ исклучиво заради остварување на здравствено осигурување, а при тоа не бараат активно работа, или можеби се дел од сивата економија.

Промените во Законот за евиденции на трудот како резултат на усогласувањата со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за работни односи од 2012 година, воведоа разлика меѓу лица кои активно бараат работа и останатите невработени лица (активни и пасивни баратели на работа), иако по дефиниција невработени лица се оние работоспособни лица кои немаат работа, но активно ја бараат. Според оваа нова методологија на разграничување на вработените на пасивни и активни баратели на работа, секој оној невработен кој ќе се изјасни во анкетата за невработени на АВРМ дека не сака да му се нуди вработување од Агенцијата, се впишува во категоријата неактивни баратели на работа, односно во категоријата "други невработени лица". Тука мора да се напомене дека АВРМ ги брише од евиденција како невработени, лицата кои еднаш се пријавиле како активни баратели на работа, им било понудено работно место од Агенцијата за вработување, но тие го одбиле. Пасивните невработени го задржуваат правото да ги посетуваат обуките за стекнување на вештини организирани од АВРМ и треба да се пријавуваат на секои шест месеци како невработени во Агенцијата за вработување. Активните баратели на работа имаат обврска да се пријавуваат секој месец во Агенцијата за вработување, да изработуваат шестмесечен индивидуален план за вработување, да приложат докази за барање на работа, редовно да ги посетуваат обуките организирани од АВРМ (во спротивно се бришат од евиденција на невработени лица) и да се достапни во секој момент на повиците од Агенцијата за вработување.

Наведените промени во законските акти како и заострувањето на

---

[25] За дополнителните промени во врска со политиката на користење на здравственото осигурување за невработените, погледнете во студијата „Богатството и сиромаштијата во Македонија 2008 - 2012" - Савески З., Садику А., Василев К., 2013, стр. 19, достапна на http://solidarnostblog.wordpress.com/e-book/

критериумите за евиденција на невработени лица, имаат влијание на бројот на регистрирани невработени лица. Воведување на потесна дефиниција при евидентирањето на невработените лица, не би смеело да доведе до запоставување на категоријата пасивни невработени лица и нивно третирање како неактивно работно население. Потребно е да се утврди дали лицата кои се изјаснуваат како неактивни баратели на работа, тоа го прават од неинформираност или пак навистина не вложуваат голема активност во барањето на работа. Во спротивно, државата би оставила впечаток дека повеќе сака да го реши проблемот на невработеноста на административен начин, преку воведување на потесни дефиниции на невработеност, отколку преку вистински мерки кои можат долгорочно да придонесат за намалување на невработеноста во земјата. Во таков случај, она што би се зголемувало не е бројот на вработени лица, туку на невработени неевидентирани лица.

Анализата на податоците од АВРМ кои се однесуваат на прилив и одлив на регистрирани нови склучени договори за работа и регистрирани невработени лица, укажува на опаѓачки трендови и кај регистрираната невработеност и кај регистрираната вработеност (Слика 2).

***Слика 2***

**Регистрирани нови договори за вработување и регистрирана невработеност 2004 -2013 (АВРМ)**




| | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| регистрирани вработувања | 112013 | 147965 | 150815 | 191472 | 210010 | 245294 | 232499 | 225347 | 194951 | 167575 |
| регистрирани невработени | 391072 | 359989 | 366551 | 432674 | 343363 | 431295 | 321341 | 281144 | 243404 | 217858 |
| регистрирани вработувања од евиденцијата на невработени | 41112 | 39487 | 39312 | 55870 | 59901 | 59803 | 55352 | 52198 | 45712 | 34070 |

регистрирани вработувања

регистрирани невработени

регистрирани вработувања од евиденцијата на невработени

Извор: АВРМ

Во периодот од 2009 до 2013 година, бројот на нови регистрирани вработувања се намалува за 31,7%, а во истиот период бројот на регистрирани невработени лица се намалува за 49,5%. Тука треба да се напомене дека и трендот на нови регистрирани вработувања од евиденцијата на невработени лица е исто така во постојано опаѓање од 2009 година. Ваква контрадикторност на трендовите не е присутна и така изразена во претходниот период од 2004 година до 2009 година. Според извештаите за работа на АВРМ, намалувањето на бројот на регистрирани невработени лица се должи на активните програми за вработување и на измените во законската регулатива во врска со остварувањето на правото за здравствено осигурување, со што евидентирањето како невработено лице повеќе не е услов за остварување на правото за здравствено осигурување. Но, евиденцијата на нови регистрирани вработувања и одливот на нови вработувања од регистрираните невработени лица (АВРМ), не укажува на зголемување на бројот на нови работни места (Слика 2).

Овие податоци укажуваат на потребата од сериозно преиспитување на процесите на регистрација на невработени лица и условите по кои тие се бришат од евиденција. Се поставува прашањето што се случува со сите оние лица кои исчезнале од евиденцијата на невработеност во анализираниот период, дали станува збор за лица кои преминале во неактивни, продолжиле со образование, заминале од земјата, станале неплатени домашни работници или се лица кои останале да работат во сивата економија.

# 2. ПОЛИТИКИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

По претставувањето на состојбите на пазарот на труд во Македонија во периодот 2008 – 2013 година, ќе направиме анализа на актуелните политики на пазарот на труд, спроведени во истиот период. Во продолжение ќе се разгледаат даночните измени во делот на социјалното осигурување и персоналниот данок на доход (ПДД) за вработените, како и активните политики на пазарот на труд.

## 2.1 ДАНОЧНАТА ПОЛИТИКА И ПАЗАРОТ НА ТРУД

Од 2009 година се воведоа промени на даночните стапки за социјално осигурување и персонален данок на доход и воедно се воведе концептот на бруто-плата и интегрирана наплата на ПДД и социјалното осигурување кај Управата за јавни приходи (УЈП).

Придонесите за социјално осигурување постепено беа намалени од 32,5% во 2008 година, на 28,4% во 2009 година, до 27% во 2010 година, а такви останаа и во текот на 2013 година. До 2016 година планирани се дополнителни намалувања на придонесите на 26,4%. Персоналниот данок на доход во 2008 година беше намален на 10% (една од најниските даночни стапки во светски рамки), а беше изменета и основицата за пресметка на социјалните придонеси, со што минималната основица се постави на 50% од просечната бруто-плата според ДЗС, а максималната основица - на четири просечни плати (во 2011 г. се смени на шест), со што платите кои го надминуваат износот од четири (шест) просечни плати, плаќаат социјални придонеси само на основицата од четири (шест) просечни плати.[26] Целта на овие промени беше да се намали административниот товар, трошокот на фирмите и на тој начин да се стимулираат инвестициите (домашни и странски), да се отворат нови работни места, да се намали регресивноста

[26] Види поопширно во студијата „Богатството и сиромаштијата во Македонија 2008 - 2012" - Савески З., Садику А., Василев К., цит. дело, стр. 26.

на даночните давачки посебно за работните места со ниски плати, што би водело и кон намалување на неформално вработените и намалување на сивата економија.[27] Тука мора да се напомене дека начинот на кој се поставија основиците за наплата на социјални придонеси од плати, ја задржаа регресивната структура на давачките, која влијае на повисоки трошоци на трудот за пониско платените работни места.

***Табела 11: Стапки на придонесите од задолжителното социјално осигурување 2008 - 2013 г.***

| Вид на придонеси | 2008 | 2013 |
|---|---|---|
| Пензиско и инвалидско осигурување | 21,2% | 18% |
| Здравствено осигурување | 9,2% | 7,3% |
| Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување | 0,5% | 0,5% |
| Придонес за осигурување во случај на невработеност | 1,6% | 1,2% |
| **Збирен износ** | **32,5%** | **27%** |

Извор: УЈП

Како дел од даночната реформа беше воведен и системот на бруто-плата, што подразбира договарање на платите во бруто износ, сите надоместоци (и неоданочените) да бидат претставени во платата и интегрирана наплата на социјалните придонеси и ПДД во УЈП. Овие промени имаа за цел да го поедностават претставувањето на вкупните трошоци на трудот во земјата, да ја подобрат уплатата на социјалните придонеси од страна на работодавецот и да ја намалат даночната евазија (претходно социјалните придонеси се уплаќаа кај фондовите за социјално осигурување, а ПДД кај УЈП и при тоа не постоеше поврзување на базите помеѓу институциите,

[27] Mojsoska-Blazevski N. et al., “Labour Market in the former Yugoslav Republic of Macedonia”, A study for the Europan Commission, Employment, Social Affairs and Equal Opportunities DG, 2009.

па така дел од работодавачите го избегнуваа уплаќањето на социјалните придонеси).[28]

Иако економската теорија и истражувањата од областа во најчест случај укажуваат на инверзниот однос меѓу висината на даноците на трудот и стапката на вработеност, сепак интензитетот на овој однос зависи и од фактори како што се минималната плата и социјалните трансфери за невработените, даночната инциденца, ригидноста на платите и улогата на синдикатите, како и преовладувачките нивоа на квалификации кај работниците.[29] Во овој контекст мора да се напоменат и истражувањата кои одделно ги анализираат ефектите од вакви промени кај новите земји членки на Европската Унија (централно-источните европски земји), каде се заклучува дека намалувањето на данокот на трудот нема исти ефекти како и кај западно-европските земји членки на ЕУ, од таму, не може да се очекува примената на исти мерки да дава еднакви резултати кај различните групи земји.[30] Намалувањето на данокот на трудот кај централно-источните земји членки на ЕУ, нема ист интензитет на влијание врз намалувањето на нивото на вработеноста како кај ЕУ-15, што е резултат на специфичните карактеристики на пазарот на труд кај првите (повисока невработеност, помала активност, различна структура на невработеноста во однос на ЕУ-15 и др.) и сѐ уште присутните последици од транзицијата.[31]

Емпириските истражувања кои се фокусираат на ефектите од даночните промени врз пазарот на труд во Р. Македонија генерално оценуваат позитивно влијание од даночните намалувања врз стапките на вработеност, платите и намалувањето на неформалното вработување. Имено, во истражувањето на Мојсоска-Блажевски од 2011 година, преку пресметување на функцијата на побарувачка за работна сила за периодот од 1998 до 2010 г. се испитува ефектот од промените во социјалните придонеси и ПДД.[32] Заклучоците од ова истражување укажуваат дека намалувањето на социјалните придонеси

---

[28] Мојсоска-Блажевски Н., „Стратегии за поддршка на заздравувањето од кризата во Југоисточна Европа. Процена на земјата: Поранешна Југословенска Република Македонија", International Labour Organization, 2011.

[29] Trpeski P., Tashevska B., "Labour tax wedge in the Republic of Macedonia – Trends and international comparison", Annales Universitatis Apulensis Series Oeconomica, 14(2), 2012.

[30] Behar A., "Tax Wedges, Unemployment Benefits and Labour Market Outcomes in the New EU Members", AUCO Czech Economic Review 3, 2009.

[31] Исто.

[32] Мојсоска-Блажевски Н., „Детаксикација: Ефектот од трошокот на трудот врз вработеноста во Македонија", 2011, достапно на http://nbrm.mk/WBStorage/Files/WebBuilder_Nikica_Mojsoska_Blazevski_NBRM.pdf

доведува до зголемување на стапката на вработеност, но и дека ефектот од намалувањето на персоналниот данок на доход е незначаен заради доминацијата на ниско-квалификувани работни места. Мојсоска-Блажевски исто така заклучува дека бруто-платата може да има делумно влијание врз пренесувањето од неформално кон формално вработување и со тоа е можно да извршила влијание во намалувањето на сивата економија.[33] Во трудот на Трпески и Ташевска од 2012 година, преку дескриптивна и кластер анализа, пресек на податоци на групи земји за 2010 г., се оценуваат односите меѓу нивото на данокот на трудот и промените на пазарот на труд.[34] Нивните наоди укажуваат дека во најчест случај повисоките даноци на трудот коинцидираат со пониски стапки на вработеност, односно повисоки стапки на невработеност кај земјите од ЕУ и OECD. Кај земјите од Балканот, високите стапки на невработеност се присутни и покрај намалувањето на данокот на трудот, што сугерира на заклучок кај авторите дека на нивоата на вработеност влијаат и специфичните политички и институционални фактори, степенот на флексибилност на пазарот на труд и др. Во овој труд се издвојува и негативниот ефект од даночната промена врз Фондот за здравствено осигурување (ФЗОМ) и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ПИОМ).[35]

Во продолжение се осврнуваме на анализата на ефектите од даночните промени преку анализа на трендовите по однос на нивото на вработеност, платите, како и ефектите врз Фондот за здравство и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување по воведувањето на даночната реформа.

Движењата на платите во периодот од 2008 до 2012 година покажуваат дека и натаму најголемиот процент на вработени лица (71,6%) земаат плата под просечната, а од вкупно вработените најголем процент (29,1%) остваруваат нето-плата помеѓу 8.000 и 12.000 денари. Процентот на вработени кои се движат во рангот на просечната нето-плата (20 000 – 25 000) за 2012, година изнесува 9,4%. Движењата на пазарот на труд во периодот од 2008 до 2012 година би можеле да одат во прилог на тезата дека нивото на данок влијае врз пораст на стапката на вработеност и нивото на плати, но мора да се напомене дека нивото на нето пораст на нови работни места во набљудуваниот период не бележи зголемен процентуален пораст

33 Исто.

34 Trpeski P., Tashevska B., "Labour tax wedge in the Republic of Macedonia – Trends and international comparison", Annales Universitatis Apulensis Series Oeconomica, 14(2), 2012.

35 Исто.

на нови креирани работни места во однос на периодот од 2004 до 2008 г. (види Табела 6 и Слика 1). Ефектите од кризата не можат да се исклучат, но истовремено е тешко да се даде заклучокот дека намалувањата на данокот на труд силно влијаеле врз нивото на нови креирани работни места.

Значаен аспект од намалениот данок на труд се однесува на ефектите кои намалените придонеси ги имаа врз Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Намалените придонеси и интегрираната наплата во УЈП требаше да влијае на раст на бројот на осигуреници и во двата фонда, како резултат на намалување на сивата економија и раст на бројот на нови вработени лица. Според последниот Извештај за годишното работење на Фондот за здравство на Р. Македонија за 2012 година, вкупниот број на осигуреници се намалува од 2010 година, а бројот на активни осигурани работници се намалува во 2012 година споредено со претходната, за 7.792 осигурани работници (Табела 12).

***Табела 12: Осигурени лица 2009 – 2012 г.***

| Осигуреници | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| **Активни работници** | 478.962 | 482.929 | 488.869 | 481.077 |
| **Активни земјоделци** | 14.613 | 14.869 | 18.154 | 18.381 |
| **Невработени лица** | 256.416 | 253.249 | 21.927 | 21.214 |
| **Осигурани преку програмата на МЗ** | 5.628 | 14.458 | 216.965 | 223.470 |
| **Пензионери + членови на семејства + останати** | 1.138.215 | 1.137.440 | 1.089.614 | 1.000.095 |
| **Вкупно осигуреници** | **1.893.834** | **1.902.945** | **1.835.529** | **1.744.237** |

Извор: ФЗОМ

Од 2006 до 2011 година бројот на осигурани активни работници има стабилен раст. (Табела 13). Податоците не укажуваат на зголемени приливи на осигурани активни работници по даночната промена во 2009 година. Големи промени се случуваат кај осигурените невработени лица од 2011 година, заради префрлањето на евиденцијата од Агенцијата за вработување во ФЗОМ, а воедно и заради законските промени според кои т.н. невработените лица со ниски и повисоки примања (дефинирани во

Законот за здравствено осигурување) се префрлаат како осигуреници преку програмата на Министерството за здравство (Буџет на РМ). Невработени лица кои оствариле приход над 8.050 ден. месечно во текот на претходната година се обврзани да платат за здравствено осигурување 50% од просечна плата согласно закон (околу 1.128 ден.), а истото важи и за семејства чиј вкупен месечен приход надминува 8.050 денари. Семејствата со ниеден вработен член кои претходната година оствариле вкупен месечен приход над 15.451 денари, должни се да го платат целото здравствено осигурување за сите лица од семејството (сума од околу 9.024 денари за четиричлено семејство).[36]

***Табела 13: Осигурени лица, категорија активни работници 2006-2012 г.***

| Година | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активни работници** | 423.284 | 445.653 | 468.860 | 478.962 | 482.929 | 488.869 | 481.077 |
| **% од вкупни осигуреници** | 21,8% | 22,7% | 24,7% | 25,3% | 25,4% | 26,6% | 27,6% |

Извор: ФЗОМ

Во однос на финансиите на Фондот, се забележува намалување на учеството на буџетот на ФЗОМ како процент од БДП и како процент од Буџетот на РМ во периодот од 2008 до 2012 година. По промената на стапката на социјални придонеси во 2009 година, приходите од придонесите од платите на вработените лица се намалува за 1,5% во однос на 2008 година, а во наредните години од 2010 до 2012, приходите растат со побавно темпо споредено со периодот пред 2008 година (Табела 14).

36 ФЗОМ, http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/Povik%20za%20prepregistracija%20 01.02.2014.pdf

*Табела 14: Буџет на ФЗОМ во однос на Буџет на РМ и БДП од 2006 до 2012 г. (во илјади денари)*

| Година | Приходи од придонеси од плати | Промена во приходите од придонеси (во однос на претходната година) % | Вкупни приходи | Вкупни расходи (буџет реализација) | Буџет на ФЗОМ како % од Буџетот на РМ | Буџет на ФЗОМ како % од БДП |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2006** | 9.448.377 | +5,2 % | 16.504.895 | 16.280.394 | 15,40% | 5,24% |
| **2007** | 9.963.345 | +5,5 % | 17.491.256 | 16.425.000 | 13,98% | 4,64% |
| **2008** | 10.874.393 | +9,1 % | 20.427.496 | 19.630.339 | 14,00% | 4,93% |
| **2009** | 10.710.737 | -1,5 % | 19.719.633 | 19.165.347 | 13,75% | 4,71% |
| **2010** | 10.758.713 | +0,4 % | 19.925.385 | 19.803.243 | 13,88% | 4,64% |
| **2011** | 11.170.000 | +3,8% | 21.104.000 | 20.967.117 | 14,11% | 4,60% |
| **2012** | 11.654.000 | +4,3% | 21.548.000 | 21.436.409 | 13,76% | 4,50% |

Извор: ФЗОМ

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија (ПИОМ) во периодот по воведувањето на даночните измени во 2009 година, бележи намалени приходи во своето работење, расходите се зголемени, па дефицитот кој се јавува се пополнува од Буџетот на РМ.

Вкупниот број на осигуреници од 2010 година се намалува во однос на 2009 година, а во 2011 и 2012 година, бројот на нови осигуреници се зголемува (Табела 15).

*Табела 15: Број на осигуреници во ПИОМ 2009 – 2012 г.*

| Година | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| **Број на осигуреници кои плаќаат придонес** | 407.887 | 413.797 | 436.688 | 456.180 |
| **Вкупен број на осигуреници*** | 475.780 | 466.280 | 489.608 | 507.061 |
| **Вкупен број на корисници на пензија** | 273.977 | 273.751 | 280.891 | 285.411 |

Извор: ПИОМ

* Тука се вбројуваат осигурениците по основ на работен однос, привремено невработени, индивидуални земјоделци и осигурани по друг основ.

Доколку се анализираат финансиите на Фондот, вкупните приходи во 2009 година растат, а тој пораст (наспроти намалената стапка на придонес) може да се должи на подобрување на наплатата како резултат на воведувањето на интегрираниот систем на наплата на придонесите во УЈП. Во 2010 година се забележува негативна разлика помеѓу приходите и расходите, што се должи на намалување на изворните приходи од осигурениците (придонесите од плати, бенефициран стаж, придонес од физички лица кои вршат дејност и вработени кај нив, како и од индивидуални земјоделци и Агенцијата за вработување) (Табела 16). ПИОМ и во 2011 година работи со поголеми расходи од приходите, иако има зголемување кај изворните приходи споредено со 2010 година. Во 2012 година Фондот остварува позитивна разлика меѓу приходите и расходите. Фондот во рамките на своето работење, заради навремена исплата на пензиите често користи позајмици од Буџетот на Р.М., како резултат на ненавремените приходи кои се остваруваат од придонесите на осигурениците.

Она што се забележува од податоците е силниот пораст на приходите од Буџетот на Р.М., кои во 2012 година се зголемуваат за 71,9% во однос на 2008 година, наспроти 8,5% пораст на изворните приходи во истиот период. Од приходите од буџетот во 2012 година, 10.219 милиони денари се средства за покривање на тековен дефицит. Во 2010 година приходите од Буџетот на Р.М. за покривање на тековен дефицит на фондот се 6.718 милиони денари. Во 2006 година средствата од Буџетот на Р.М. издвоени за тековен дефицит изнесувале 2.585 милиони денари. Зголемувањето на надоместоците од Буџетот на Р.М. за тековен дефицит укажува на несовпаѓање на планираните проекции за приходите и фактички остварените приходи, што се должи меѓу другото и на оптимистичките сценарија во планирањето на изворните приходи (на пр. повисока стапка на вработеност, поголеми изворни приноси и сл.). Овие податоци укажуваат на намалување на капацитетите за финансиската одржливост на Фондот од изворните приходи, односно од бројот на осигуреници.

***Табела 16: Приходи и расходи на ПИОМ 2008 – 2009***
***(во милиони денари)***

| Година | Изворни приходи* | Приходи од буџет на РМ | Вкупни приходи | Вкупни расходи | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| **2008** | 25.581,91 | 10.181,99 | **37.621,70** | **38.733,14** | **-1111,44** |
| **2009** | 26.279,53 | 14.020,85 | **41.589,52** | **41.392,97** | **+196,55** |
| **2010** | 26.137,49 | 14.218,12 | **41.470,03** | **42.507,46** | **-1037,43** |
| **2011** | 26.890,36 | 15.704,97 | **43.937,09** | **44.305,77** | **-368,68** |
| **2012** | 27.744,05 | 17.503,34 | **46.370,63** | **46.226,76** | **+143,87** |

Извор: ПИОМ
* Во оваа група приходи спаѓаат придонесите од плата, бенефициран стаж, придонес од физички лица кои вршат дејност и вработени кај нив, како и од индивидуални земјоделци и Агенцијата за вработување.

Од анализите на движењата кај Фондот за здравство и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија во периодот по намалувањето на стапките на придонес од плата, не се забележува значително зголемување на бројот на осигуреници во однос на годините пред 2009. Но, намалените социјални придонеси многу влијаеја на приходите на Фондовите, кои се намалија во однос на расходите (особено кај ПИОМ) и доведоа до зголемување на трансферите за тековен дефицит од Буџетот на РМ. Ефектот кој го имаше ова намалување на социјалните придонеси врз Фондот за здравство и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, доведе до зголемување на дефицитите во Фондовите и потреба од дополнителни буџетски трансфери. Продолжувањето на трендот на намалување на социјалните придонеси со постојната динамика на раст на вработеноста (регистрирани осигуреници) ја доведува во прашање одржливоста на пензискиот и здравствениот систем на земјата во иднина.

## 2.2. АКТИВНИ ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Активните политики на пазарот на труд (АППТ) прв пат се применуваат во Шведска на почетокот на 1950-тите години преку т.н. Рен-Мајднер моделот (Rehn-Meidner), со цел да се поттикне подобро усогласување на понудата и

побарувачката на пазарот на труд.[37] Подоцна, нивното применување во форма блиска до денешните политики, се развива во САД во 1970-тите години. Овие политики целат кон зголемување на можностите за вработување, инклузивност и партиципација на невработените на пазарот на труд. Во овој контекст потребно е да се нагласи дека овие политики немаат капацитет за големо влијание врз намалувањето на невработеноста, како што тоа го имаат макроекономската стабилност, правната и институционална сигурност и одржливиот економскиот раст, кои силно влијаат на креирање на нови работни места и намалување на невработеноста.[38] Но, доколку се соодветно дизајнирани, активните политики за вработување можат да влијаат до одреден степен кон подобрување на нивото на вработеност. Во почетокот, овие мерки се однесувале пред сé на обуки за професионални занимања наменети за невработените лица, а денеска различните типови на АППТ најчесто се категоризираат во шест групи на програми кои најмногу се применуваат во земјите од ОЕЦД.[39] Во Табела 17 се сумирани типовите на програми, нивните цели како и трошоците и проценетите ефекти од нивната имплементација.

***Табела 17: Активни политики на пазарот на труд кај земјите во ОЕЦД***

| Тип на програма | Цел на програмата | Трошоци и ефективност |
|---|---|---|
| 1. Зајакнување на капацитетите на Агенциите за вработување (администрирање и мониторирање на програмите за вработување, подобрување на ефикасноста во спојување на невработените со соодветни слободни работни места) | Зголемување на ефикасноста во спојувањето на понудата и побарувачката на пазарот на труд, намалување на информационата неефикасност | - Релативно ефтини и<br>- Високо ниво на ефективност*, што е потврдено од сите направени студии за овој тип на програма |

[37] Петрески Г., „Колку се ефикасни активните политики на пазарот на труд", зборник трудови на тема: Општествено-економскиот развој на Р. Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, МАНУ и Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Економски факултет – Скопје, 2012.

[38] Lehmann H., "Macedonia's Accession to the EU and the Labor Market: What Can Be Learned from the New Member States?", IZA Policy Paper No. 14, 2010.

[39] Исто.

| Тип на програма | Цел на програмата | Трошоци и ефективност |
|---|---|---|
| 2. Обуки и преквалификација | Да се намали несовпаѓањето на бараните и постојните квалификации на пазарот (подобрување на можностите за вработување преку обука, доквалификација); намалување на загубата на вештините и квалификациите за време на невработеноста | - Релативно скапи/ високи трошоци<br>- Мешани ефекти***, некои студии потврдуваат ефективност на мерките, други студии немаат такви наоди |
| 3. Програми за самовработување и субвенционирано вработување | Да се зголеми побарувачката за работна сила, да се подобри процесот на спојување на понудата и побарувачката на пазарот на труд | - Релативно скапи/ високи трошоци<br>- Мешани ефекти, некои студии потврдуваат ефективност на мерките, други студии немаат такви наоди |
| 4. Директно креирање на работни места / Вработувања во јавен сектор | Да се зголеми побарувачката на работна сила, да се спречи губењето на вештините и квалификациите | - Релативно скапи/ високи трошоци<br>- Неефективни мерки, едногласно** потврдено од речиси сите спроведени истражувања |
| 5. Мерки насочени кон младите<br>(обуки и/или субвенции за вработување) | Цели под точките 2, 3 и 4 | / |
| 6. Мерки за лицата со посебни потреби | Интегрирање на лицата на пазарот на труд | / |

Извор: Lehmann H., (2010)
Забелешка: * „Ефективност" значи дека во просек, зголемена е веројатноста за вработување или повторно наоѓање на работа кај лицата кои учествувале во програмата.
** „Едногласно" значи дека речиси сите истражувања ги потврдуваат наведените ефекти.
***„Мешани" значи дека некои студии ги потврдуваат наведените ефекти, други студии не.

Во рамките на ЕУ, издвојувањата за АППТ се различни. Скандинавските земји обично вложуваат најголем обем на средства во ваков тип на програми, кој се движи околу 2-3% од БДП. Кризата влијаеше да се зголеми вложувањето во АППТ, па така и земјите кои традиционално помалку вложуваат во овој тип на политики делумно ги зголемија фондовите за активните политики на трудот. Новите земји членки (централна и југо-источна Европа) вложуваат многу помал обем на средства на ваков тип на програми споредено со ЕУ-15. Издвојувањата ретко надминуваат 1% од БДП кај одредени земји од оваа група, дури и за време на кризните години по 2008 година.[40]

Во Македонија, првите оперативни планови за активни политики за вработување почнуваат да се изготвуваат од 2007 година од страна на Министерството за труд и социјална политика, а одредени типови на активни мерки на пазарот на труд се применуваат од 2002 година. Издвојувањата од Буџетот за овој тип на политики може да се спореди со оној кај новите земји членки на ЕУ, до 0,2% од БДП, што претставува низок обем на вложувања. Во 2007 година дефинирани се неколку активни политики во рамките на оперативниот план и тоа:[41] 1) Извршување на јавни работи во локалните заедници, со максимално траење на ангажманот до 3 месеци; 2) Поддршка за самовработување (семеен бизнис) и поддршка за прво вработување на лица до 27 години (практиканство), наменети за лицата од неразвиените подрачја, долгорочно невработените (над 5 години без работа), корисници на паричен надоместок по основ на невработеност и млади лица до 27-годишна возраст кои првпат се вработуваат. Она што мора да се напомене во овој дел е дека лицата кои учествуваат во програмата за самовработување, се обврзуваат најмалку три години да не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица; 3) Ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони во извршување на градежни работи, еколошки проекти и сл.; 4) Субвенционирање на вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители (загрозени социјални категории). Субвенционирањето на вработувањето подразбира обезбедување на бруто плата од страна на државата во траење од 6 месеци, по што работодавачот е обврзан да ги задржи лицата најмалку уште

---

[40] Европско статистичко биро, Eurostat, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/statistics/search_database

[41] Министерство за труд и социјала политика, „Оперативен план за активни политики за вработување за 2007 година, предвидени во Програмата за работа на Владата на Р. М. 2006 – 2010", 2006, достапен на http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx

18 месеци на работното место; 5) Обука и совети за невработените за преквалификации, контакт со работодавачите, усовршување на нивните знаења и вештини, обука за компјутери и сл. Во рамките на оваа програма околу 3.000 лица се вклучени во програмите за обуки за познат работодавач (преку преквалификации невработените по завршените обуки се примаат на работа кај договорените работодавачи и при тоа фирмите имаат обврска да не ги отпуштат тие лица минимум една година) (Табела 18).

Активните политики во 2008 година се фокусираат на: - програмите за самовработување (500 лица); - програма за формализирање на постојан бизнис (целта е намалување на сивата економија, вклучени 107 лица, а лицата кои ќе учествуваат во програма не смеат да се вратат во евиденција на невработени лица минимум 3 години); - обуките и подготовките за вработување и преквалификација (околу 3.000 лица); - програми за субвенционирање на вработувањето (наменета за вкупно 600 лица) и програмите за практиканство (30 лица).[42] Вкупниот обем на средства кои се потребни за имплементација на политиките се намалува во однос на 2007 година. Во 2008 година во оперативниот план се дефинира потребата за следење на овие програми, при што се изготвува систем за следење и оценување на истите во соработка со УНДП. За овие мерки значајно е да се напомене дека за време на учество во самите програми, а за некои и до 3 години по завршетокот на самата програма, лицата остануваат надвор од евиденцијата на невработени лица, иако во зависност од програмите тие можат да ги задржат правата по основа на невработеност. На овој начин се влијае на краткорочното ниво на невработеност во земјата.

Оперативниот план од 2009 година ги содржи дел од програмите кои се спроведувани во 2008 година, со тоа што се проширува и со уште неколку нови политики кои вклучуваат нови категории на невработени лица (Табела 18).[43] Имено, програмите кои се опфатени со АППТ во 2009 година се: - програмата за самовработување; - програма за формализирање на постојни бизниси; - програма за подготовка за вработување (обуки, доквалификации, преквалификации и сл.); - програма за субвенционирање на вработување; - програма за организирање на јавни работи; - програма за

[42] Министерство за труд и социјална политика, „Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2008 година", 2008, достапен на http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx

[43] Министерство за труд и социјална политика, „Оперативен план за активни мерки и програми за вработување за 2009 година", 2009, достапен на http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx

практиканство; - економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство; - програма за поддршка за вработување на Роми. Овој оперативен план е најголем по број на корисници и издвоени средства за реализација, споредено со останатите оперативни планови од 2007 до 2013 година.

Активните програми за вработување во 2010 година ги содржат сите мерки од 2009 година надополнети со програмата за промоција на претприемништвото преку постоечки бизнис инкубатори и обука за одделни дефицитарни занимања на пазарот на труд. Планираниот буџет за овие програми е намален во однос на 2009 година (Табела 18).

Во 2011 година се продолжува со сетот програми како и претходната година со тоа што се прават проширувања на категориите на специјализирани обуки со фокус на дополнителни дејност и категории на невработени лица (се вклучува текстилната индустрија, туризмот, енергетиката, професионални војници и сл.). Новина е пилот програмата за мобилност на работна сила, која треба да биде стимул за невработените лица (приоритет имаат високо образуваните до 34 години) да прифатат работа која е минимум 60 километри оддалечена од нивното место на живеење. Промена се случува кај програмата за подготовка за вработување, во делот за обука кај познат работодавач, обврската да се задржи невработеното лице на работа се намалува од 12 месеци на 6 задолжителни месеци. Други промени се однесуваат кај програмата за самовработување и кај програмата за формализирање на постојни бизниси, со тоа што лицето кое учествува во програмите, останува надвор од евиденцијата на невработени во наредните четири години (без разлика дали фактички работи), наместо три како што беше пракса во претходните години. Обемот на средства планирани за АППТ продолжуваат да се намалуваат споредено со 2010 и 2009 година (Табела 18).

Оперативниот план за активни политики и мерки на пазарот на труд од 2012 година, покрај продолжување на поголемиот дел на мерките од 2011 година, опфаќа и неколку нови програми како што е програмата за општинска работа, програмата – преку обука до одржливо самовработување и субвенционирано вработување, програмата за финансиска поддршка на правни субјекти (мали и средни претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места, како и програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште (Табела 18).[44] Програмата за општинска работа

[44] Министерство за труд и социјална политика, „Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2012-2013 година", 2011 и „Измени и дополнувања на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување 2012 – 2013 година", 2012, достапни на http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx

е наменета за невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд и има за цел преку 5 месечни работни ангажмани на тие лица да им помогне да стекнат одредени вештини и полесно да најдат работа во иднина. Програмата - преку обука до одржливо самовработување и субвенционирано вработување, има за цел да ангажира дел од лицата кои во претходните години имаат учествувано во обуките за вработување на тој начин што ќе им субвенционира самовработување, или пак вработување кај познат работодавач по истекот на обуката, при што работодавачот е обврзан да вработи минимум 70% од лицата кои учествувале во обуката и да ги задржи на работното место минимум 1 година, по истекот на шестмесечното субвенционирање на бруто платата за овие лица од страна на државата. Програмата за поддршка на мали и средни претпријатија и занаетчии со цел отворање на нови работни места, подразбира давање на неповратна материјална помош за опрема и сл., со што претпријатијата се обврзуваат да вработат невработено лице на минимум 1 година, или доколку во меѓувреме го отпуштат тоа лице, повторно да вработат друго регистрирано невработено лице во АВРМ. Програмата за плодоуживање на државно земјоделско земјиште им овозможува на невработените лица приматели на социјална помош да се стекнат со право на плодоуживање на државно земјоделско земјиште, со што лицата ќе бидат регистрирани како индивидуални земјоделци на кои земјоделие им е основна дејност и при тоа, една година ќе им биде исплаќан паричен износ во висина на социјалната помош и ќе добијат социјално осигурување, а во наредната година ќе добиваат 50% од социјалната помош месечно и обезбедено целосно социјално осигурување од страна на државата. По извршената регистрација како индивидуални земјоделци, на овие лица им престанува правото на користење на социјална парична помош согласно со Законот за социјална заштита. Во 2012 година повторно беше вклучена и програмата за вршење на јавни работи. Вкупниот број на корисници и средства за активните политики и мерки во 2012 година е зголемен.

Оперативниот план за 2013 година ги содржи повеќето од програмите од претходната година, со тоа што е намален бројот на корисници, а со тоа и обемот на средства споредено со 2012 година.[45]

[45] Министерство за труд и социјална политика, „Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година", 2012, достапен на http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx

*Табела 18: Активни политики и мерки за вработување, број на корисници и наменети средства (во денари) 2007-2013*

| Година | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Програма за самовработување** | | | | | | | |
| Корисници | 500 | 500 | 600 | 700 | 700 | 900 | 930 |
| Буџет | 73.300.000 | 97.235.600 | 127.540.300 | 147.500.000 | 147.500.000 | 188.314.350 | 194.600.000 |
| **Програма за формализирање на постојни бизниси** | | | | | | | |
| Корисници | | 107 | 250 | 250 | 250 | | |
| Буџет | | 18.136.500 | 47.000.000 | 47.000.000 | 47.000.000 | | |
| **Програма за подготовка за вработување преку обуки** | | | | | | | |
| Корисници | 5.000 | 5.928 | 3.692 | 4.291 | 4.906 | 3.380 | 3.570 |
| Буџет | 50.000.000 | 61.363.600 | 21.546.560 | 37.736.000 | 39.431.000 | 35.313.250 | 51.292.400 |
| **Програма - преку обука до одржливо самовработување и субвенционирано вработување** | | | | | | | |
| Корисници | | | | | | 20 | |
| Буџет | | | | | | 3.066.000 | |
| **Поддршка за дополнително вработување во постоечки фирми регистрирани преку програма за самовработување 2007, 2008, 2009 и формализирање на бизнис 2009** | | | | | | | |
| Корисници | | | | до 50 | до 90 | | |
| Буџет | | | | 4.600.000 | 8.134.000 | | |
| **Финансиска поддршка на правни субјекти (мали и средни претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места** | | | | | | | |
| Корисници | | | | | | 90 | 100 |
| Буџет | | | | | | 8.280.000 | 9.200.000 |
| **Програма за субвенционирање на вработување** | | | | | | | |
| Корисници | 800 | 600 | 1.680 | 1.241 | 855 | 800 | 820 |

| **Година** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Буџет | 111.800.000 | 110.150.000 | 339.006.000 | 264.621.000 | 235.450.000 | 236.200.000 | 236.000.000 |
| **Програма за организирање на јавни работи** | | | | | | | |
| Корисници | 1.400 | | 5.000 | | | 4.000 | 4.000 |
| Буџет | 47.500.000 | | 228.980.000 | | | 121.600.000 | 60.800.000 |
| **Програма – Општинско корисна работа** | | | | | | | |
| Корисници | | | | | | 20 | |
| Буџет | | | | | | 600.000 | |
| **Програма за практиканство** | | | | | | | |
| Корисници | 600 | 30 | 650 | 150 | 300 | 833 | |
| Буџет | 15.000.000 | 360.000 | 13.500.000 | 2.250.000 | 4.500.000 | 5.695.000 | |
| **Економско јакнење на жени-жртви на насилство** | | | | | | | |
| Корисници | | | доп. деф. | 125 | 70 | | |
| Буџет | | | 35.000.000 | 17.468.850 | 10.463.880 | | |
| **Програма за поддршка за вработување на Роми** | | | | | | | |
| Корисници | | | 200 | 50 | 34 | | |
| Буџет | | | 4.800.000 | 3.060.000 | 2.000.000 | | |
| **Пилот програма - Анкетари за спроведување на Анкета за слободни работни места** | | | | | | | |
| Корисници | | | 90 | 60 | 40 | 40 | 26 |
| Буџет | | | 730.000 | 300.000 | 200.000 | 200.000 | 161.200 |
| **Промоција на претприемништво и обука за дефицитарни знаења и вештини на ПТ** | | | | | | | |

| **Година** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Корисници | | | | 30 | | | |
| Буџет | | | | 307.500 | | | |
| **Пилот програма – Мобилност на работната сила** | | | | | | | |
| Корисници | | | | | до 20 | | |
| Буџет | | | | | 370.000.000 | | |
| **Програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште** | | | | | | | |
| Корисници | | | | | | 100 | 26 |
| Буџет | | | | | | 4.255.800 | 2.246.400 |
| **Вкупно** | | | | | | | |
| Корисници | **8.300** | **6.565** | **12.162** | **6.947** | **7.265** | **10.183** | **9.472** |
| Буџет* | **297.600.000** | **294.191.921** | **825.102.860** | **526.843.350** | **499.378.880** | **604.524.400** | **554.800.000** |

Извор: АВРМ

* Во вкупниот буџет се додадени и трошоците за промоција, координација, мониторинг и евалуација на Оперативните програми.

Она што се забележува од Табела 18 е дека обемот на АППТ се намалува по 2009 година. Вообичаената пракса кај земјите од ЕУ е да се зголемува обемот на вложувања во овој тип на програми за време на криза, со цел да се дејствува контрациклично. Доколку се анализира пак кои се најзастапени програми, според број на учесници, години на примена и одвоени средства, се забележува дека прва по обем на корисници е програмата за подготовка за вработување преку обуки, која се спроведува секоја година со опфат на околу 4.000 корисници во просек. Втора програма на која се става исклучително голем фокус е програмата за јавни работи, која е активна 4 години и има околу 4.000 до 5.000 планирани корисници. Следни се програмите за самовработување и субвенционирање на вработувањето кои планирано опфаќаат од 800 до 900 корисници годишно и се спроведуваат секоја година. Програмата за практиканство е застапена 6 години и секоја година опфаќа различен обем на корисници, кои варираат од 30 до 833. Останатите програми се застапени помалку години, некои се пилот проекти во само една година и генерално опфаќаат многу помал обем на корисници и средства.

Lehmann (2010), во своето истражување за ефикасноста на АППТ кај земјите членки на ЕУ, извлекува неколку клучни поенти како насоки во креирањето на активните политики за Македонија, а кои можат да се изведат од искуствата на новите земји членки на ЕУ.[46] Покрај препораката за потребата од реформирање на АВРМ (реформирањето е започнато и е во тек), Lehmann укажува на потребата да се стави поголем фокус во АППТ на мерки како што се обуките и дообучувањето на лица кои веќе имаат одреден степен на вештини и образование (наменети за средна генерација на невработени). Шемите на субвенционирање на вработување како и самовработувањето, се сметаат за добри мерки но доколку се посветени на целна група, пред сѐ млади и квалификувани лица со повисоки степени на образование. Според авторот, обуките и дообучувањата на млади лица кои имаат одреден степен на образование, средно или високо, се смета за неефикасна мерка, односно подобро е тие ресурси да се насочат во образовниот систем и да се креираат наставни програми кои би овозможиле повисок квалитет и би ги доближиле изучуваните вештини со бараните на пазарот. Во однос на младите лица кои се со низок степен на образование и рано го напуштаат школувањето, дообуките исто така се сметаат за неефикасен метод, наспроти развивањето на методи со кои би се стимулирале учениците да го продолжат своето образование и би се делувало на намалување на бројот на лицата кои рано го напуштаат образовниот процес. Во однос на програмите за самовработување, препораките се во насока на развивање на модел во соработка со банкарскиот сектор преку кој ќе може

[46] Lehmann H., 2010.

поволно да се финансираат квалитетни и потенцијални идеи за бизнис, со што невработените лица би имале пристап до средства за отпочнување на своја дејност, или пак за формализирање на постојната. Како најмалку ефикасни АППТ се наведени шемите за јавни работи, бидејќи речиси воопшто не ги подобруваат шансите на учесниците да најдат работа по завршетокот на програмите. Нивната примена има моментален ефект во ублажување на социјалните проблеми на невработените, додека трае самата мерка, но по завршетокот на програмата лицата повторно остануваат невработени.

Доколку се споредат препораките во трудот на Леман со структурата на АППТ во Македонија, може да се забележи дека политиките кои се издвојуваат како помалку продуктивни, како што се шемите за јавни работи, имаат значаен удел во оперативните планови и според издвоените средства и според бројот на планирани корисници.

Претставената табела и сите типови на програми во рамките на Оперативните планови за АППТ, ги покажува плановите и проекциите за бројот на корисници и потребни средства, но мора да се нагласи дека секоја програма не ги реализира сите предвидени средства и не го ангажира планираниот број на корисници, тоа зависи од подобноста на кандидатите за пријавените програми како и од самиот одзив на корисниците, што пак може да се поврзе и со нивото на информираност на самите категории невработени лица за активните програми кои се нудат.

За да може да се сметаат за ефективни АППТ, потребно е да се утврди дали ги подобриле шансите на корисниците да најдат трајно (или повторно) вработување.[47] За програмите кои беа партнерски изведени со УНДП, како што беа програмите за самовработување и формализирање на постоечки бизнис, на интернет-страницата на организацијата може да се најде информација за постигнатите резултати, имено, 70% од претприемачите кои ја поминале обуката и го започнале својот бизнис, денеска сé уште работат.[48] Во годишните извештаи за работа на АВРМ се наоѓа и посебен дел кој дава општ приказ на бројот на учесници во програмите и нивото на реализирани средства за дел од програмите, но она што останува како слабост кај АППТ е што по шестгодишно спроведување не постојат (барем не јавно достапни) евалуации на ефектите од програмите на краток и среден рок, не постојат информации за начинот на кој овие програми помогнале во нови вработувања

[47] Lehmann H., Kluve J., "Assessing Active Labor Market Policies in Transition Economies", 2008.

[48] UNDP, http://www.mk.undp.org/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/en/home.html

посебно во програмите кои се однесуваат на обуки (најголемата програма по опфат на корисници), дали и колку се задржани на постојано вработување кај програмите за субвенционирано вработување, колку од регистрираните земјоделци продолжиле со активна работа по истекот на двегодишното субвенционирање и сл. Недостатокот од овие информации не дава јасна слика за реалните ефекти од овие програми кај невработените корисници, посебно на среден рок, по истекот на самите програми.

АППТ мора да бидат проследени со добро структурирана методологија за следење на имплементацијата и ефектите од самите политики, резултатите кои се постигнати со лицата кои учествувале во програмите и нивната ефектуираност во нивото на вработеност на краток, среден и долг рок. Евалуацијата на програмите е од исклучително значење за да може да се утврди нивната оправданост, како и можноста за нивно подобрување. Во спротивно, доколку евалуација на ефектите од програмите не постои, самите мерки може да се претворат во една популистичка алатка која нема реален ефект врз подобрување на статусот на невработените лица.

Според последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија – 2013 година, во поглавјето за социјална политика и вработување се укажува на сé уште малата активност на пазарот на труд, на големата присутност на долгорочна невработеност и големата невработеност кај младите. Се критикува државниот буџет наменет за активната програма на пазарот на труд, како несоодветен и намален, а спроведувањето на активната политика на пазарот на труд, се смета дека претставува предизвик за Агенцијата за вработување која е во (долгорочен) процес на модернизација. Се заклучува дека најголемиот работодавач во земјата е сè уште јавниот сектор, а вработувањето во сивата економија не е намалено. Крајниот заклучок за сегментот на пазарот на труд укажува дека е „... направен мал напредок во областа на социјалната политика и вработувањето, невработеноста е многу висока и направен е ограничен напредок во постигнувањето на ефикасен и инклузивен пазар на трудот. Долгорочната невработеност, високата невработеност кај младите лица, многу малото учество на жените на пазарот на трудот и високите нивоа на неформално вработување остануваат големи предизвици."[49]

[49] Европска Комисија, Извештај за напредокот на Република Македонија 2013, октомври 2013, достапен на http://www.sep.gov.mk/content/?id=96#.U0MB-KKPWt8

# 3. СИРОМАШТИЈА

Најголемиот неуспех на човештвото и на економијата како наука е што сé уште живееме во свет кој иако е технолошки најнапреден и најбогат споредено со било која декада во минатото, сепак сиромаштијата и смртта од глад преставуваат едни од најтешко решливите проблеми. (Не)решенијата ја засегаат политичката волја и ја одразуваат концентрацијата на моќ во полза на оние кои го поседуваат најголемото богатство во светски рамки.

Сиромаштијата е комплексен мултидимензионален проблем кој зависи од многу сегменти во функционирањето на општествата и директно влијае на нарушувањето на базичните човекови права за достоинствен живот на луѓето, социјална исклученост и неможност на остварување на основните права на здравствена заштита, образование, вработување. Во светот 20,6% од вкупното население (околу 1,3 милијарди жители) живеат во екстремна сиромаштија, со помалку од 1,25 долари на ден.[50] Речиси половина од светското богатство е поседувано од само еден процент луѓе од светската популација.[51] Уште поизразеното продлабочување на нееднаквоста за време на глобалната економска криза ги погоди речиси сите земји во светот, со што се влијаеше на интензивиран раст на сиромаштијата и зголемување на ризичните категории на лица кои живеат на работ од сиромаштија. Невработеноста и нееднаквоста во распределбата на приходите силно влијаат на сиромаштијата. Но, намалувањето на невработеноста не секогаш влијае на намалувањето на сиромаштијата, феноменот на вработено и истовремено сиромашно лице не е ретка појава особено кај земјите во развој и земји со висока нееднаквост во распределбата на приходите.

Во Македонија сиромаштијата ја мери Државниот завод за статистика, преку утврдување на релативната сиромаштија и субјективната сиромаштија, а во 2012 година за прв пат се пресметани и Лаекен индикаторите за сиромаштија (за 2010 година), како меѓународно споредливи индикатори за сиромаштијата. Методологијата на мерење на релативната сиромаштија се базира на расходите на поединците и семејствата, каде релативната линија

---

[50] Светска банка, http://povertydata.worldbank.org/poverty/home/

[51] Oxfam, "Working for the few, political capture and economic inequality", 178 Oxfam briefing paper, 2014, достапно на http://oxfam.org

на сиромаштија[52] е одредена на 70% од медијалните еквивалентни расходи на домаќинствата (периодот 1994-1996 линијата на сиромаштија е на 60% од медијалните еквивалентни расходи на семејствата). Субјективната линија на сиромаштија преставува субјективен стандард на опстојување врз база на мислењата изразени од целата популација за нивото на приходите неопходни за да се одбегне сиромаштијата. Лаекен индикаторите се базираат на Анкета за приходите и условите за живеење (EU-SILC) на домаќинствата, преку анкетата се овозможуваат пресметки на дистрибуцијата на приходите и монетарните индикатори на сиромаштијата, како и пресметка на веродостојни квантитативни индикатори на социјалната исклученост и материјалната обесправеност.[53] Изворот за пресметките на сиромаштијата се приходите, а прагот на сиромаштијата е дефиниран на 60% од медијалниот еквивалентен приход.

Последните податоци за нивото на сиромаштија се однесуваат на 2011 година, каде според податоците на Државниот завод за статистика релативната сиромаштија изнесува 30,4% и бележи пораст во однос на 2008 година, кога таа изнесува 28,7%.[54] (Табела 19)

***Табела 19: Релативна сиромаштија во Република Македонија 2008-2011***

| Година | Вкупен збирен индекс (%) | Индекс на длабочина на сиромаштијата |
|---|---|---|
| **2008** | 28,7 | 9,2 |
| **2009** | 31,1 | 10,1 |
| **2010** | 30,9 | 10,9 |
| **2011** | 30,4 | 9,3 |

*Извор: ДЗС*

[52] Релативна линија на сиромаштија е релативен стандард на опстојување определен како неопходно ниво на трошоци. (ДЗС)

[53] „Анкетата за приходи и услови за живеење годишно ја спроведуваат сите земји-членки на ЕУ во согласност со европската рамка дефинирана со Регулативата 1177/2003 која стапи во сила во 2004 година. Оттука, сета работа која се однесува на проектот (EU-SILC) е координирана од страна на Евростат кој во детали ги обезбедува упатствата преку методологијата која е имплементирана со цел да се обезбеди споредливост помеѓу земјите." (ДЗС)

[54] Доколку не е поинаку наведено, сите податоци во овој дел се преземени од Соопштенијата за релативна сиромаштија, 2010 и 2011 од Државниот завод за статистика на Република Македонија, достапни на http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=37

Стапката на сиромаштија во 2002 година се искачува на 30,2% и во текот на целиот период до денес, се задржува на ниво од околу 30%. Најниската релативна стапка на сиромаштија по 2002 година е измерена во 2008 година – 28,7%, а највисоката стапка во периодот од осамостојувањето до денес е забележана во 2009 година – 31,1%. Во 2010 и 2011 година стапката на релативна сиромаштија бележи незначителен пад на 30,9% и 30,4% респективно (Слика 3).

***Слика 3***

**Стапки на релативна сиромаштија во Македонија**




Извор: ДЗС

Во 2011 година, како и претходните години, највисока е сиромаштијата кај домаќинствата со шест и повеќе членови (39,7%), како и кај домаќинствата кај кои нема ниту едно вработено лице (40,7%). Релативната сиромаштија кај децата до 17 годишна возраст во 2011 година изнесува 36,8%, а релативната детска сиромаштија е поголема во руралните средини 38,4%, наспроти урбаните – 35,3%.

Според субјективните перцепции на домаќинствата, во 2011 година 41,7% се изјасниле дека месечните приходи главно не ги задоволуваат нивните потреби, а 19,6% дека во целост не ги задоволуваат нивните

потреби. Најголемиот број од домаќинствата - 44,5%, сметат дека нивната состојба е непроменета во однос на претходната година, 32,1% сметаат дека е малку полоша, 17,6% сметаат дека е многу полоша, а најголемиот процент од домаќинствата – 47,2% сметаат дека се потребни повеќе од 30.001 денари како минимални месечни потребни парични средства за нормален живот.

Информациите за сиромаштијата во Македонија според Лаекен индикаторите се достапни за 2010 и 2011 година. Според овие податоци, во 2011 година стапката на сиромаштија мерено според утврдената линија на 60% медијален еквивалентен приход[55] изнесува 27,1% и е 0,2 п.п. помала во однос на 2010 година кога изнесува 27,3%. Процентот на сиромаштија мерен според приходите во рамките на ЕУ во 2012 година изнесува 17% (ЕУ-28), а во 2011 година тој е 16,9%.[56] Стапката на сиромаштија е најсилно изразена кај деца до 17 години и во 2011 година изнесува 35,6% и е повисока во однос на 2010 година, кога била 31,4%. Стапката на сиромаштија според типот на домаќинство е највисока кај домаќинствата со двајца возрасни и три и повеќе издржувани деца која во 2011 изнесува 57%, што претставува драматичен раст од цели 20,5 п.п. во однос на 2010 година, кога оваа стапка изнесува 36,5%. Според најфреквентниот статус на економска активност, стапката на сиромаштија е највисока кај невработените, 48,7% во 2011 и 50,6% во 2010 година. Стапката на сиромаштија кај вработените лица, односно процентот на вработени сиромашни лица во 2010 година изнесува 9,9% и е за 0.1 п.п. пониска во однос на 2011 година кога изнесува 10%.

Доколку од вкупните приходи се исклучат социјалните трансфери каде што се вклучени и пензиите, тогаш стапката на сиромаштија во 2010 е 42,8%, а во 2011 се зголемува на 47,1%. Доколку се вклучат пензиите тогаш стапката на сиромаштија изнесува 30,5% во 2010, а 31,3% во 2011 година.

Податоците од 2011 година покажуваат дека дури 72,2% од лицата не можат да си овозможат еднонеделен одмор во текот на годината, 56,9% не можат да купат јадење со месо, риба или соодветен вегетаријански оброк секој втор ден, 37,9% имаат потешкотија со плаќање на потрошувачки или кредит за купување или реновирање на стан, плаќање на сметки за комуналии

---

[55] Линијата на сиромаштија за самечко домаќинство во 2010 година изнесува 60.885 денари годишен еквивалентен приход (5.074 денари месечно), во 2011 година е 63.692 денари (5.307 денари месечно). Линијата на сиромаштија за четиричлено домаќинство (2 возрасни и 2 деца помали од 14 години) за 2010 година изнесува 127.859 денари годишен еквивалентен приход (10.655 денари месечно), додека во 2011 година таа изнесува 133.754 денари (11.146 денари месечно).

[56] Европско статистичко биро, Eurostat, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/statistics/search_database

или станарина, а дури 64,3% не можат да исплатат неочекуван трошок со сопствени средства. Стапката на сериозно материјално обесправени лица[57] во 2011 изнесува 40,7% и е зголемена во однос на 2010 година кога изнесува 35,1% од вкупното население. Ова стапка е исклучително висока споредено со европскиот просек, каде оваа стапка во 2011 година изнесува 8,9% (ЕУ-28).[58]

Според комбинираниот (AROPE) индикатор (people at-risk-of-poverty rate or social exclusion)[59], во 2011 година процентот на сиромашни или социјално исклучени лица во Македонија изнесува 50,9%, или половина од вкупното население во земјата. Во 2011 година процентот на сиромашни или социјално исклучени лица во земјата е зголемен во однос на 2010 година кога тој изнесувал 47,4%. Овој индикатор според европскиот просек (ЕУ-28) изнесува 24,3% во 2011 година, каде Бугарија, Романија, Латвија и Грција ги имаат највисоките индикатори.[60]

Овој индикатор во суштина најсеопфатно може да ја претстави мултидимензионалната природа на сиромаштијата, која не може да се сведе само на една утврдена линија на приходи кај вкупното население. Мерењето на сиромаштијата само преку приходите ги исклучува сите оние лица кои живеат на самата линија на сиромаштија и токму затоа

---

57 Стапката на сериозна материјална обесправеност е дефинирана како процент од населението со наметнат недостиг од најмалку четири од деветте материјално обесправени ставки во димензија на економски товар или трајни добра. Деветте ставки земени предвид се: 1) потешкотии во плаќањето на кредити за купување или реновирање на станот или станарина, сметки за комунални услуги или потешкотии со исплаќање на нестанбен кредит; 2) капацитет да се овозможи една недела одмор; 3) капацитет да се овозможи јадење месо, пиле, риба или соодветно вегетаријанско јадење секој втор ден; 4) капацитет да се соочи со неочекуван финансиски трошок (одредена сума која кореспондира со месечниот праг на сиромаштија од претходната година); 5) домаќинството да не може да си дозволи телефон (вклучувајќи и мобилен); 6) домаќинството да не може да си дозволи телевизор во боја; 7) домаќинството да не може да си дозволи машина за перење алишта; 8) домаќинството да не може да си дозволи автомобил и 9) можност домаќинството да плати за адекватно затоплување на станот. (ДЗС)

58 Европско статистичко биро, Eurostat, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/statistics/search_database

59 Овој индикатор ја мери стапката на сиромашни или социјално исклучени лица и е главниот индикатор за следење на Стратегијата ЕУ 2020 за целната сиромаштија. Тој го изразува учеството на населението кое е или сиромашно, или сериозно материјално обесправено или, пак, живее во домаќинство со многу низок интензитет на економска активност. (ДЗС)

60 Европско статистичко биро, Eurostat, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/statistics/search_database

комбинираниот индикатор на сиромашни или социјално исклучени лица е многу поблиску до прикажување на вистинската слика на сиромаштијата во земјата, бидејќи освен приходите, во збирниот индикатор се вклучени и лицата кои се сериозно материјално обесправени (лишени од барем 4 од 9 основни животни потреби), како и лицата кои живеат во домаќинства со многу низок интензитет на економска активност. Доколку домаќинствата спаѓаат во било која од овие три категории, тие се сметаат за сиромашни или социјално исклучени лица. Токму AROPE индикаторот претставува целен индикатор за сиромаштија во Европската Унија (основен индикатор во Стратегијата ЕУ 2020) и доколку сакаме вистински да го погледнеме проблемот со сиромаштијата во нашата земја тогаш на овој индикатор е потребно да му се даде посебно значење во следењето на сиромаштијата и социјалната исклученост, покрај стапките на релативната и приходната сиромаштија.

Покрај невработеноста, една од клучните причини за раст на сиромаштијата и зголемување на јазот меѓу богатите и сиромашните е степенот на нееднаквост во распределбата на приходите во една земја. Последните истражувања во доменот на редистрибуцијата, нееднаквоста и растот покажуваат дека помалата нееднаквост во распределбата на приходите во една земја е поврзана со побрз и поодржлив економски раст, додека редистрибуцијата има генерално бениген ефект на растот, односно само во екстремни случаеви има негативен ефект врз економскиот раст.[61]

Доколку се проследат индикаторите на нееднаквоста во распределбата на приходите во земјата како што е Џини индексот и индикаторот S80/S20 квинтилен соодност на приходите, во последната пресметка на ДЗС за 2011 години Џини индексот бележи намалување, додека индикаторот S80/S20[62] бележи пораст, од 10,3 во 2010 г., на 12 во 2011 година. Статистиките на Светска банка покажуваат дека индикаторот S80/S20 има тренд на пораст од 1998 година, кога изнесувал 4,3.

Според податоците на ДЗС, Џини коефициентот во 2010 година изнесува 40,8, а во 2011 тој се намалува на 39,2. Доколку се погледне трендот на Џини индексот за Македонија мерен според Светска банка, се забележува драстично зголемување во периодот од 1998 до 2010 година. Во 1998 година

---

61 Ostry D.J. et al., "Redistribution, Inequality and Growth", IMF, February, 2014.

62 Индикаторот претставува соодност помеѓу збировите на највисоките и најниските 20 проценти на еквивалентни приходи на лицата во домаќинствата. (ДЗС)

тој изнесува 28,1, а во 2010 година 43,6. Иако овој индекс според последните мерења на ДЗС бележи намалување, тој сепак останува исклучително висок, споредено со регионот и Европа.[63]

Дистрибуцијата на доходот во Македонија според квантили покажува дека во периодот од 1998 до 2010 година, разликата меѓу богатите и сиромашните расте. Најбогатите 20% од населението во 1998 година поседувале 36,7% од вкупниот доход, додека најсиромашните 20% поседувале 8,5% од вкупниот доход. Во 2010 година, најбогатите 20% од населението во земјава поседуваат 49% од вкупниот доход, додека најсиромашните 20% поседуваат само 4,9% од вкупниот доход.[64]

Последните податоци од Светска Банка, покажуваат дека Македонија има најголема нерамномерност во распределбата на доходот споредено и со земјите во регионот.[65]

***Слика 4***




Извор: Светска Банка

Растот на нееднаквоста во земјата е резултат на континуирано отсуството на систематски политики насочени кон решавањето на овој проблем кој

[63] Поопширно за анализа на нееднаквоста според повеќе индикатори види во студијата „Богатството и сиромаштијата во Македонија 2008 - 2012", Савески З., Садику А., Василев К., 2013, достапна на http://solidarnostblog.wordpress.com/e-book/

[64] Светска Банка, World Development Indicators, http://data.worldbank.org/indicator/SI.DST.05TH.20/countries

[65] Последните достапни податоци од Светска Банка за уделот во приходите по квинтили за Албанија се однесуваат на 2008 година, за Босна и Херцеговина за 2007 г., а за Црна Гора и Србија за 2010 година.

силно се рефлектира на продлабочувањето на сиромаштијата. Процесот на општествено-економска транзиција од 1990-тите беше основа за почетокот на негативните трендови со нееднаквоста, но она што доведе до нивото на влошување кое го следиме денес, се должи на поставеноста на политиките во доменот на даноците и регресивната структура на социјалните придонеси. Во последните седум години дистрибутивните ефекти на растот одеа во прилог на оние со повисоки примања, на сметка на најранливите категории на граѓани.

Во последните шест години вкупниот обем на предвидени социјални трансфери расте како процент од вкупните буџетски расходи, од 39,5% во 2008 до 44,9% во 2013 година, но од тој износ 54% отпаѓа на расходите за исплата на пензии.[66] Доколку се анализира бројот на домаќинства кои примаат социјална помош, нивниот број постојано се намалува во анализираниот период од 2008 до 2013 година, како што се намалуваат и вкупниот обем на издвоени средства за социјална помош. Во 2008 година, 64.143 домаќинства го остварувале правото на социјална помош, а во 2013 година оваа бројка е околу 39.000. Право на социјална помош остваруваат лицата кои се работоспособни, но не се материјално обезбедени или имаат месечни генерирани приходи од различни извори не повеќе од 2.450 денари. Висината на месечната парична помош за поединечен носител изнесува 2.450 денари и таа варира понатаму во однос на бројноста на членовите на домаќинствата, а максималниот износ на социјалната парична помош изнесува 6.081 денари за домаќинство со пет и повеќе членови. Висината на социјалната парична помош во првите три години од користењето се исплатува во 100% износ, а по истекот на трите години корисниците добиваат 50% од утврдениот износ. Корисниците на социјална помош можат да бидат ангажирани за извршување на јавни работи од страна на општинските центри до 5 или над 5 работни дена во текот на месецот, а лицата кои неоправдано ќе одбијат ваков тип на ангажирање го губат правото на социјална парична помош во наредните 12 месеци. Лицата кои одбиле понуда за вработување, обука, преквалификација или доквалификација заради вработување, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, како и лица на кои им престанал работниот однос по нивна вина или на нивно барање, немаат право на остварување

[66] Пресметки на авторот врз основа на податоците од Буџетот на Р.М. 2008 и 2013 година, достапни на http://www.finance.gov.mk/view/budget2013 и http://www.finance.gov.mk/files/predlog_budget_za_2008.pdf

на социјална помош.[67] Како позитивна политика во доменот на социјалната заштита е мерката за условен паричен трансфер на семејствата примателиа на социјална помош, што подразбира дополнителен трансфер на средства, но под услов нивните деца редовно да го посетуваат средното образование.

Освен исклучително ниските примања наменети како социјална парична помош, мора да се нагласи и дека самиот систем на остварување на правото на социјална помош се базира на дестимулациски елементи кои практично го „врзуваат" корисникот на социјална помош во „стапица на сиромаштија". Имено, истовременото комбинирање на (ниско) платен труд и користењето на социјална парична помош за повеќечлени домаќинства е оневозможено. Практично секој минимален износ на остварен платен труд, доведува до намалување на примените средства како социјална помош или до губење на правото за социјална парична помош, ако платениот труд го надминал утврдениот износ на максимални генерирани месечни приходи (2.450 денари за поединец или 6.081 денари за семејство над пет члена). На овој начин лицата приматели на социјална помош се дестимулирани да прифаќаат работи кои се ниско платени или малку над износот на социјалната помош, се зголемува можноста тие да се вклучат во сивата економија, се соочуваат со тешкотија да се вклучат на пазарот на труд и остануваат зависни од примањата за социјална парична помош, а со тоа и остануваат во најранливата категорија на граѓани. Во оваа насока има позитивни предлози за модел кој ги комбинира работењето и остварувањето на правото на социјална помош, со што примањето на износот на социјална помош се зголемува со зголемувањето на платата до одредено ниво, на пример до 5.000 денари, а потоа социјалната помош постапно се повлекува со секој заработен денар над овој износ.[68]

Во 2010 година се донесе Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010 – 2020, каде се дефинираа мерките, активностите, политиките, подрачјата на делување, како и индикаторите за следење на исполнувањето на зацртаните цели и постигнатите резултати. Нејзиното ревидирање беше направено во 2013 година со што се направени и усогласувања со Стратегијата за раст и развој на Европската унија до 2020 (во делот на стапката на вработеност). Беа донесени и Националната програма за развој на социјалната заштита

---

[67] Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/

[68] Види поопширно Mojsoska-Blazevski N. et al, "Increasing labour market activity of the poor and females: Let's make work pay in Macedonia", EUROMOD Working Paper No. EM16/13, 2013.

2011-2021 каде се детектираат приоритетни области во кои треба да се концентрираат промените за унапредување на системот на социјална заштита, но она што изостанува се оперативните, акционите планови преку кои систематски на годишно ниво ќе се зацртуваат цели и конкретни чекори на делување и издвоен буџет за конкретните активности. Во Националната стратегија за вработување на РМ - 2015, издвоено е посебно поглавје кое се однесува на намалувањето на сиромаштијата и социјалната инклузија каде дополнително се идентификуваат приоритетите и областите во борбата со сиромаштијата и социјалната исклученост.

Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2013 година, се нагласува дека напредокот во спроведувањето на Националната стратегија за сиромаштија и социјална инклузија 2010-2020 е ограничен. „Сиромаштијата останува на високо ниво и спроведувањето на постојните политики и стратешки планови не е задоволително, и истото е попречено со недостатокот на институционален капацитет и финансиски ресурси. Заложбите и ангажирањето за реформи се ограничени и нивното спроведување често подлежи на предизвик поради недостатокот на обединет пристап кај соодветните органи." Недоволен напредок е констатиран и во спроведувањето на Стратегијата за инклузија на Ромите, како и кај националната стратегија за еднакви права на лицата со инвалидност 2010-2018 година. Забелешки одат и во насока на недоволниот административен капацитет на институциите кои се задолжени за спроведување на Законот за социјална заштита.

Износот на буџетски средства наменети за активни мерки за намалување на сиромаштијата во 2013 година е 0,13% од вкупните буџетски расходи, што претставува намалување во однос на издвоените средства за оваа намена во 2008 (0,2%) и 2009 година (0,4%).[69] Иако издвоените буџетски средства за активните мерки за намалување на сиромаштијата во 2013 година се за минимален износ (0,01 п.п.[70]) зголемени во однос на 2011 и 2012 година, сепак буџетските издвојувања наменети за намалување на сиромаштијата во земјата остануваат на исклучително ниско ниво земајќи го во предвид фактот дека речиси една третина од населението во Македонија живее под прагот на сиромаштија.

---

[69] Пресметки на авторот врз основа на податоците од Буџет на РМ 2008, 2009, 2013 година.

[70] Пресметки на авторот врз основа на податоците од Буџет на РМ 2011, 2012, 2013 година

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Анализата на пазарот на труд во периодот 2008 – 2013 година според податоците на Државниот завод за статистика, покажува тенденции на раст на стапката на активност на работоспособното население, благ раст на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност од 33,8% во 2008, на 29% во 2013 година. И покрај намалувањето на стапката на невработеност, Македонија останува како земја со највисоко ниво на невработеност во европски рамки. Најниска стапка на активност и вработеност се јавува кај младата популација и кај лицата со најнизок степен на образование. Стапките на активност и вработеност на младите лица во периодот 2008 – 2013 година бележат тренд на опаѓање. На ваквите состојби големо влијание имаат малите можности за вработување на младите и неискусни работници (особено во време на криза), процесот на транзиција од школување кон работа, неподготвеноста на работодавачите да вложуваат во обука на неискусни работници, но и стимулативните политики во доменот на високото образование и дисперзираните студии кои влијаеја на намалување на притисокот на пазарот на труд и одложување на периодот на барање работа. На пазарот на труд постои голем родов јаз во стапките на активност (25,8 п.п.) и вработеност (18 п.п.) кај мажите и жените, кој останува речиси непроменет во текот на анализираниот период. Родовиот јаз кај вработеноста се намалува со зголемувањето на степенот на образование, па така тој е најмал кај високо образованите мажи и жени. Анализите укажуваат на загрижувачки тренд на намалување на вработеноста и раст на невработеноста кај високообразованите лица од 2008 до 2013 година. На овие трендови влијае зголемувањето на учеството на лицата со терцијарно образование во вкупната работна сила, како и несовпаѓање на профилите на работници кои се барани на пазарот на труд (преовладува понудата на работни места со пониски квалификации). Најголемиот процент на невработени лица спаѓаат во категоријата долгорочно невработени лица (82,1%), односно лица кои не можат да најдат работа подолго од една година. Високата стапка на невработеност кај младите лица и големиот процент на долгорочно невработени лица, создаваат состојба на „статичност" на пазарот на труд, односно ситуација

во која заради ниското ниво на креирање на нови работни места, вработените имаат тенденција да останат вработени, а оние кои бараат вработување подолг период – да останат невработени. Овие состојби освен што имаат исклучително негативен ефект врз долгорочно невработените лица и младите неискусни лица кои прв пат влегуваат на пазарот на труд, можат да имаат негативен ефект и на самите вработени лица, бидејќи создаваат поволно тло за злоупотреба на работничките права особено доколку не постои ефективна институционална правна заштита во овој домен.

Податоците од Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) кои се однесуваат на прилив и одлив на регистрирани нови склучени договори за работа и регистрирани невработени лица, укажува на меѓусебно противречни опаѓачки трендови и кај регистрираната невработеност и кај регистрираната вработеност. Во периодот од 2009 до 2013 година, бројот на нови регистрирани вработувања се намалува за 31,7%, а се намалува и бројот на регистрирани невработени лица за 49,5%. Промените во Законот за евиденции на трудот и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, влијаеја на начинот на евидентирање на невработените лица, нивна поделба на активни и пасивни баратели на работа и изземање на регистрацијата за остварување на право на здравствена заштита од евиденцијата на невработеност во АВРМ. Промените придонесоа кон намалувањето на регистрирани невработени лица, но трендовите на регистрирани вработувања и регистрирана невработеност укажуваат на потреба од сериозно преиспитување на процесите на регистрација на невработени лица и условите по кои тие се бришат од евиденција. Се поставува прашањето што се случува со сите оние лица кои исчезнале од евиденцијата на невработеност во анализираниот период, дали станува збор за лица кои преминале во неактивни, продолжиле со образование, заминале од земјата, станале неплатени домашни работници или се лица кои останале да работат во сивата економија.

Воведување на потесна дефиниција при евидентирањето на невработените лица, не би смеело да доведе до запоставување на категоријата пасивни невработени лица и нивно третирање како неактивно работно население. Потребно е да се утврди дали лицата кои се изјаснуваат како неактивни баратели на работа, тоа го прават од неинформираност или пак навистина не вложуваат голема активност во барањето на работа. Во спротивно, државата би оставила впечаток дека повеќе сака да го реши проблемот на невработеноста на административен начин, преку воведување на потесни дефиниции на невработеност, отколку преку вистински мерки кои можат долгорочно да придонесат за намалување на невработеноста во земјата. Во таков случај, она што би се зголемувало не е бројот на вработени лица, туку на невработени неевидентирани лица.

Креираните политики на пазарот на труд во изминатите пет години беа концентрирани на даночната политика и активните мерки на пазарот на труд. Намалувањето на придонесите за социјално осигурување (од 32,5% во 2008 на 27% во 2010) и намалениот персонален данок на доход на 10%, имаа прокламирана цел преку намалување на трошоците на фирмите да се стимулираат инвестициите (домашни и странски), да се отворат нови работни места, да се намали неформалното вработување и сивата економија. Тука мора да се напомене дека начинот на кој се поставија основиците за наплата на социјални придонеси од плати, ја задржаа регресивната структура на давачките, која влијае на повисоки трошоци на трудот за пониско платените работни места. Емпириските истражувања кои се фокусираат на ефектите од даночните промени врз пазарот на труд во Македонија оценуваат генерално позитивно влијание од даночните намалувања врз стапките на вработеност, платите и намалувањето на неформалното вработување. Бројот на нови креирани работни места расте во анализираниот период, но со опаѓачка тенденција од 2010 до 2013 година. Ефектите од кризата не можат да се исклучат, но истовремено е тешко да се даде заклучокот дека намалувањата на данокот на труд силно влијаеле врз нивото на нови креирани работни места. Од анализите на движењата кај Фондот за здравство и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во периодот по намалувањето на стапките на придонеси од плата, не се забележува значително зголемување на бројот на осигуреници во однос на годините пред 2009. Но, намалените социјални придонеси многу влијаеја на приходите на фондовите, кои се намалија во однос на расходите (особено кај ПИОМ) и доведоа до зголемување на трансферите за тековен дефицит од Буџетот на РМ. Продолжувањето на трендот на намалување на социјалните придонеси со постојната динамика на раст на вработеноста (регистрирани осигуреници) ја доведува во прашање одржливоста на пензискиот и здравствениот систем на земјата во иднина.

Средствата за активните политики на пазарот на труд (АППТ) се намалуваат од 2009 година. Она што останува како слабост кај АППТ е што по шестгодишно спроведување не постојат (барем не јавно достапни) евалуации на ефектите од програмите на краток и среден рок, не постојат информации за начинот на кој овие програми помогнале во нови вработувања во програмите кои се однесуваат на обуки (најголемата програма по опфат на корисници), дали и колку се задржани на постојано вработување кај програмите за субвенционирано вработување, колку од регистрираните земјоделци продолжиле со активна работа по истекот на двегодишното субвенционирање и сл. Недостатокот од овие информации не дава јасна слика за реалните ефекти од овие програми кај невработените корисници, посебно на среден рок, по истекот на самите

програми. АППТ мора да бидат проследени со добро структурирана методологија за следење на имплементацијата и ефектите од самите политики, резултатите кои се постигнати со лицата кои учествувале во програмите и нивната ефектуираност во нивото на вработеност на краток, среден и долг рок. Евалуацијата на програмите е од исклучително значење за да може да се утврди нивната оправданост, како и можноста за нивно подобрување.

Според најновите податоци од Државниот завод за статистика, релативната сиромаштија во 2011 година изнесува 30,4% и е зголемена во однос на 2008 година кога изнесувала 28,7%. Лаекен индикаторите за сиромаштија достапни за 2010 и 2011 година, бележат минорно намалување на сиромаштијата од 27,3% во 2010, на 27,1% во 2011 година (мерено според утврдената линија на медијален еквивалентен приход). Според овие индикатори, процентот на вработени сиромашни лица изнесува 10% во 2011 година. Според комбинираниот (AROPE) индикатор, во 2011 година процентот на сиромашни или социјално исклучени лица во Македонија изнесува 50,9%, или половина од вкупното население во земјата. Во 2011 година процентот на сиромашни или социјално исклучени лица во земјата е зголемен во однос на 2010 година кога тој изнесувал 47,4%.

Дистрибуцијата на доходот во Македонија според квантили и Џини индексот покажуваат дека во периодот од 1998 до 2010 година, нееднаквоста меѓу богатите и сиромашните расте. Најбогатите 20% од населението во 1998 година поседувале 36,7% од вкупниот доход, додека најсиромашните 20% поседувале 8,5% од вкупниот доход. Во 2010 година, најбогатите 20% од населението во земјава поседуваат 49% од вкупниот доход, додека најсиромашните 20% поседуваат само 4,9% од вкупниот доход. Доколку се погледне трендот на Џини индексот за Македонија мерен според Светска банка, се забележува драстично зголемување во периодот од 1998 до 2010 година. Во 1998 година тој изнесува 28,1, а во 2010 година 43,6. Иако овој индекс според последните мерења на ДЗС бележи намалување (39,2), тој сепак останува исклучително висок, споредено со регионот и Европа.

И покрај високото ниво на сиромаштија и нееднаквост, издвоените буџетски средства за активни мерки за намалување на сиромаштијата се на многу ниско ниво и се намалени споредено со 2008 и 2009 година (0,2% од вкупните буџетски расходи во 2008 и 0,4% во 2009 г., наспроти 0,13% во 2013 г.).

Од спроведените анализи и заклучоците, може да се сумираат препораки кои би придонеле кон подобрување на постојните политики во доменот на вработувањето и сиромаштијата:

- Преиспитување на процесите на регистрација на невработени лица и условите по кои тие се бришат од евиденција. Воведување на потесна

дефиниција при евидентирањето на невработените лица, не би смеело да доведе до запоставување на категоријата пасивни невработени лица и нивно третирање како неактивно работно население. Потребно е да се утврди дали лицата кои се изјаснуваат како неактивни баратели на работа, тоа го прават од неинформираност или пак навистина не вложуваат голема активност во барањето на работа.

- Промена на регресивната структура на социјалните придонеси, зголемување на нивната висина и враќање на прогресивни стапки на оданочување на персоналниот данок на доход.
- Зголемување на издвоените буџетските средства за активните политики на пазарот на труд.
- Активните политики на пазарот на труд мора да бидат проследени со добро структурирана методологија за следење на имплементацијата и ефектите од самите политики, резултатите кои се постигнати со лицата кои учествувале во програмите и нивната ефектуираност во нивото на вработеност на краток, среден и долг рок.
- Надминување на дестимулациските елементи за вклучување на пазарот на труд кај примателите на социјална помош, на тој начин што ќе им биде овозможено истовремено примање на социјална помош и остварување на приход од работа (до одреден утврден вкупен износ на средства).
- Воведување на минимален достоинствен приход, како предуслов за нормален и достоинствен живот, особено за сиромашните и социјално исклучените граѓани.
- Зголемување на издвоените буџетските средства за активните мерки за намалување на сиромаштијата.

Во последните седум години дистрибутивните ефекти на растот одеа во прилог на оние со повисоки примања, на сметка на најранливите категории на граѓани. Краткорочните стимули, зголемувањето на социјалната помош за минимални износи, помагаат само во одржување, одложување и продлабочување на проблемите. Процесот на општествено-економска транзиција од 1990-тите беше основа за почетокот на негативните трендови со невработеноста, сиромаштијата, нееднаквоста, но она што доведе до нивно влошување, се должи на отсуството на политики кои имаат систематски, сериозен, искрен и долгорочен пристап во решавањето на овие клучни социо-економски проблеми.

# Референци


1. Angel-Urdinola D. F. and Macias V., "FYR Macedonia Labor Market Profile 2004-2007", World Bank, Washington D.C., 2008.
2. Behar A., "Tax Wedges, Unemployment Benefits and Labour Market Outcomes in the New EU Members", AUCO Czech Economic Review 3, 2009.
3. Буџет на Република Македонија 2008, http://finance.gov.mk/view/budget2008
4. Буџет на Република Македонија 2013, http://finance.gov.mk/view/budget2013
5. Државен завод за статистика, Анкета за работната сила 2008, Скопје, 2009, http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=3&rbrObl=14
6. Државен завод за статистика, Анкета за работната сила 2012, Скопје, 2013, http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=3&rbrObl=14
7. Државен завод за статистика, „Дваесет Години Независна Македонија 1991 - 2011", Скопје, 2011, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/20GodiniRM.pdf
8. Државен завод за статистика, „Жените и мажите во Република Македонија", Скопје, 2013, http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblasti.aspx
9. Државен завод за статистика, Соопштение „Лаекен индикатори за сиромаштијата", јануари, 2014, http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115
10. Европска Комисија, „Извештај за напредокот на Република Македонија 2013", октомври 2013, достапен на http://www.sep.gov.mk/content/?id=96#.U0MB-KKPWt8
11. Европско статистичко биро, Eurostat, http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/statistics/search_database
12. Lehmann H., Kluve J., "Assessing Active Labor Market Policies in Transition Economies", 2008.
13. Lehmann H., "Macedonia's Accession to the EU and the Labor Market: What Can Be Learned from the New Member States?", IZA Policy Paper No. 14, 2010.
14. Коруновска Н., Србијанко К. Ј. и Малеска Т., „Клучот за стаклената врата: Демистифицирање на причините за ниското учевство на жените на пазарот на труд", Реактор – истражување во акција, Скопје, 2012, http://rodovreactor.mk/subject/economy/data/
15. Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/
16. Министерство за труд и социјална политика, „Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015 година", Скопје, 2011, http://www.mtsp.gov.mk/
17. Министерство за труд и социјала политика, „Оперативен план за активни политики за вработување за 2007 година, предвидени во Програмата за работа на Владата на Р. М. 2006 – 2010", 2006, http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx
18. Министерство за труд и социјална политика, „Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2012-2013 година", 2011 и „Измени и дополнувања на Оперативниот план

за активни програми и мерки за вработување 2012 – 2013 година", 2012, http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx

19. Министерство за труд и социјална политика, „Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година", 2012, http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx
20. Мојсоска-Блажевски Н., „Детаксикација: Ефектот од трошокот на трудот врз вработеноста во Македонија", 2011.
21. Мојсоска-Блажевски Н., "Стратегии за поддршка на заздравувањето од кризата во Југоисточна Европа. Процена на земјата: Поранешна Југословенска Република Македонија", International Labour Organization, 2011.
22. Mojsoska-Blazevski N. et al, "Increasing labour market activity of the poor and females: Let's make work pay in Macedonia", EUROMOD Working Paper No. EM16/13, 2013.
23. Mojsoska-Blazevski N. et al., "Labour Market in the former Yugoslav Republic of Macedonia", A study for the Europan Commission, Employment, Social Affairs and Equal Opportunities DG, 2009.
24. Mojsoska-Blazeski N., Kurtishi N., "The Macedonian Labour Market: What makes it so different?", MPRA Paper No. 42045, 2012, http://mpra.ub.uni-muenchen.de/42045/
25. Ostry D.J. et al., "Redistribution, Inequality and Growth", IMF, February, 2014.
26. Oxfam, "Working for the few, political capture and economic inequality", 178 Oxfam briefing paper, 2014, http://oxfam.org
27. Петрески Г., „Колку се ефикасни активните политики на пазарот на труд", зборник трудови на тема: „Општествено-економскиот развој на Р. Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд", МАНУ и Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Економски факултет – Скопје, 2012.
28. Saveska S., Brown R., "Unemployment in the Republic of Macedonia: Policy options for employment growth", 7-th NISPAcee Annual Conference "Improving Relations between the Administration and the Public", Bulgaria, 1999, http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/nispacee/unpan005871.pdf
29. Савески З., Садику А., Василев К. „Богатството и сиромаштијата во Македонија 2008 - 2012", 2013, http://solidarnostblog.wordpress.com/e-book/
30. Светска Банка, World Development Indicators, http://data.worldbank.org/indicator/SI.DST.05TH.20/countries
31. Trpeski P., Tashevska B., "Labour tax wedge in the Republic of Macedonia – Trends and international comparison", Annales Universitatis Apulensis Series Oeconomica, 14(2), 2012.
32. UNDP, http://www.mk.undp.org/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/en/home.html
33. Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија, http://www.fzo.org.mк
34. Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, http://www.piom.com.mk/